**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Ристо Пенов, Радмила Шеќеринска, Јани Макрадули, Абдулади Вејсели,Илинка Митрева, Весна Јаневска, Данаил Дончев и Љубчо Герогиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Работиме по 12-тата точка **- Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Сулејман Рушити.**

Продолжуваме со претресот.

Има збор Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Се разбира интерпелацијата е еден од поважните инструменти за контрола на парламентарната власт, на законодавната власт врз извршната власт и нејзините носители.

Меѓутоа, ние сега имаме една многу интересна ситуација на која што мораме да посветиме големо внимание. Оваа интерпелација, што би требало да биде вообичаена работа, доаѓа многу брзо. Ова е рекорд до сега во интерпелациите, најбрзо донесена од изборот на Владата, донесена е пред да поминат 100-те вообичаени денови. Поднесена е многу рано.Тоа е една специфичност.

Друга специфичност е, како ретко кога до сега, повод за оваа интерпелација, за настаните што ја предизвикаа, во јавноста се покажа доста жив интерес. Се заседоа ставови. Така што интервенираше и Хелсиншкиот комитет, интервенираше Државната комисија за борба против корупцијата, интервенираа повеќе експеерти, а и кои не се експерти за вакви прашања за интерпелација, но сакаа да си искажат свое мислење за некои настани, за ваков настан како што е во сферата на високото образование, каде што во сите овие јавни интервенции, најмногу се нагласуваше белегот дека со оваа интервенција на министерот се нарушува автономијата на високото школство, на универзитетите, бидејќи таа постои и е својство на секој универзитет. Се извлекува заклучок дека овој настан е со едно пошироко значење.

Таа брза интервенција на министерот и брза интеервенција на поднесителлите на интерпелацијата и широкото реагирање, карактерот на неговото реагирање, на ова реагирање нас не става пред една задача да направиме максимум да изградиме што пообјективен став кон ова прашање, што пообјективен став и да не дозволиме да преовладаат едностраности, диктирани од моменталната политичка припадност на нас, учесниците во расправата овде или од нашето етничко потекло.

Во досегашната расправа по ова прашање има една индиција, можеби е мое чувство повеќе, можеби не стојат така работите, меѓутоа јас така почувствував дека расплетот на ова прашање треба да биде низ борба на две политички партии кои што ете, имаат електорат јасно етнички определен, обележан, дека фактички овде станува збор за некоја битка помеѓу ДУИ и ДПА. Дури, може да се заклучи дека ние, кои не сме припадници на тие партии или кои не сме од албанско етничко потекло и нема многу што да бараме во оваа расправа. Мислам дека тоа би била една опасна стапица и сите присутни оваа расправа треба да ја искористиме да придонесеме на еден квалитетен начин што појасно да се отслика состојбата и ставот што ќе го изградиме да биде еден вид помош во Македонија да се унапреди свеста за владеење и потребата од владеење на правото. Да се види дека и институциите, па и Парламентот имаат одговорност за таа работа. Дека пратениците, со своето објективно приоѓање на овој проблем, исто така се должни да дадат придонес во јакнењето на свеста за владеење на правото. На крајот на краиштата, нешто што е од значење за сите нас, бидејќи високото образование се однесува на генерациите што ќе го понесат товарот на развојот во сите сфери во оваа земја во иднина и нашиот денешен интерес и денешна обврска е да дадеме се што може во високото школство, на генерациите што сега таму се школуваат, да им обезбедиме што поквалитетни студии и знаења, со што тие ќе бидат оспособени подобро да се потфатат со предизвиците што пред нив ќе ги претставува животот во иднина.

Еве вака, тоа ми е општото чувство за проблемот со кој што сега се среќаваме. Оттука и мотивот да земам збор и нешто да кажам во врска со оваа точка.

Ја сфаќам ова потреба на пратениците од ДУИ да поднесат интерпелација, оценувајќи дека е однапред јасно дека многу луѓе ќе го добијат тој впечаток дека министерот, кој ја претставува државната, извршната власт, штом со свои мерки навлегува внатре, во сферата на една високошколска институција, ја повредува автономијата на универзитетот и дека за тоа подносителите на интерпелацијата ќе добијат поширока поддршка отколку што е само нивната партија и припадниците на партијата, туку и симпатизерите на таа партија.

Од друга страна пак, сакам да го разберам и министерот зошто така брзо тој презел вакви мерки, од што бил мотивиран. Сигурно, како министер не може никој да спори дека тој бил свесен, дека неговите чекори ќе бидат и на овој начин сфатени и инерпретирани и ека на овој начин тие ќе бидат не само интерпретирани, туку и третирани и на овој начин ќе му се одговори со интерпелација.

Ако бил тој свесен, а ми остава впечаток дека бил однапред свесен, дека раеакциите ќе бидат вакви, а сепак се одлучил вака да постапи, сигурно имал јасни мотиви зошто тоа го први. Ссга сакам да ја разберам неговата позиција, ако министерот имал обемни информации за крупни незаконитости во една високошколска институција што можат да штетат на квалитетот на образованието, на степенот на законитоста, односно на нарушувањето на законитоста во една таква институција која носи нарушување на законитоста во користењето на дипломите понатаму што ете се фалсификувани или се набрзина издавани итн., тогаш министерот носи една одговорност ако не преземе ваква акција да е соучесник на една таква практика, на една таква состојба. Ако се нашол во таква дилема, а мисли дека треба да остане четири години министер може не од партијата што поднесе интерпелација, од партијата што го предложила него или од друга партија или од самиот премиер да добие оценка дека се помирил со една состојба, ја прифатил таа состојба, допуштил година да продолжи, ако сега на почетокот на годината тоа не го покренел и дека фактички е недостоен за тоа министерско место. Така што, сосема ја разбирам неговата позиција и неговииот мотив, зошто постапил на овој начин.

И сега, ако вака ги гледаме работите, ние треба малку да видиме колку можеме во оваа фаза, ние како Собрание, бидејќи најголем дел од работите сепак, институциите на системот треба да ги разјаснат, службите, инспекторатите и другите институции кои што делумно веќе ги разјасниле, но веројатно последен збор по некои работи ќе кажат и судовите, а ние, во меѓувреме, треба да се погрижиме одговорно да градиме еден однос кон ова прашање. Тоа е потребно бидејќи прво министерот ме исправи пред една состојба, а друго овие што понесоа интерпелација.

Ако ние останеме на гледиштето дека министерот ја нарушил автономијата на еден од универзитетите и сакаме однапред да го осудиме и за таква постапка, мораме да си поставиме прашање зошто овој министер, кои мотиви ги има, што не ги нарушил автономиите на другите универзитети, државни универзитети, има некои надлежности и каде што не се државни унвиерзитети и таму не интервенира, не ја нарушува автономијата, туку се сконцентрирал на едно место, па тогаш да видиме дали постои, од информациите што ги имаме за тоа, дали тие даваат оправдувае на ваквата постапка на министерот.

За тоа, да расудуваме вака и да проценуваме вака требаше да ни помогнат, нам, и подносителите на интерпелацијата. Подносителите на интерпелацијата требаше да изнесат овде аргументи и докази кои слободи на научното творење, кои слободи во функционирањето на Универзитетот како високо школска установа во извршувањето на задачите во високошколската установа ги прекинал и ги оневозможил министерот и со тоа ја повредил автономијата на Државниот универзитет во Тетово. Требаше да ни наведат каква се соработка, научна и кои се проекти научни ги изведуваат токму овие луѓе, во чие дејствување се сомнева министерот, има оценка дека тие не работат како функционери во високошколска институција, туку дека фактички настапуваат и се носители на деформации токму на каракерот на институцијата, како високошколска установа.

Во интерпелацијата не гледам друг елемент од оваков вид, не гледам специфичен аргумент што може да ги расветли состојбите во оваа институција од тој аспект, туку, во интерпелацијата стојат општите одбранбени ставови на автономијата на универзитетите, но тие општи би ни помогнале да ја разјасниме во овој случај само ако е општ став на министерот и ако тој инвервенира во сите универзитети. Ако инервенира во еден универзитет, мораме да знаеме што се внатре се случува во тој унвиерзитет и да видиме дали навистина нема повод и нема аргументи министеот за ваков настап.

Морам да ви кажам, материјалот што ни го подели министерот, т.е. претседателот, а го доставил министерот укажува на една состојба на значаен степен на незаконито работење во Државниот универзитето во Тетово. Овде се наведуваат аргументи и за тоа дека во Универзитетот незаконито и нелегално се запосегнати и институиците, чија неповредливост се означува во општата флоскула и правило на автономија на Универзитетот. Ако во основата лежи незаконито работење на институциите и ако во основата лежи незаконито градење на позициите на автономијата на Унвиерзитетот, тешко може да се каже дека таму станува збор за создадена атмосфера на високошколска установа што не смее да предизвика интервенција на државната власт, врз основа на закон. Ние треба да видиме после, тоа треба да се види дали имал други средства на располагање за интервенција на министерот од ова што го сторил, а ако немал, треба да се определиме дали ние како Собрание ќе поддржиме една незаконитост во тој степен, како што министерот ја востановил, ја видел и ја утврдил внатре во овој Универзитет.

Јас можам да разберам дека на овој Универзитет, заради спецификите на неговото настанување би доаѓало до разбирливи деформации. Меѓутоа, мислам дека деформациите не смеат да бидат систем и не смее министерот тоа да го прифати, министерот

мора да ги искористи законските можности и ние мора тоа да го разбереме овде.

Знаете, ние не сме суд, ние не можеме да навлегуваме во веродостојноста на документите, овде се потпишани луѓе кои отишле таму да остварат увид во состојбите на Универзитетот. Ако е некој ги оспорува може или да си преземе улога на себе да биде инспекторат или да оди на суд да се тужи со нив.

Ова што ни е доставено овде, јас морам да кажам дека му дало силни мотиви на министерот да преземе вакви мерки какви што презел. Јас не сум среќен што министерот морал да преземе такви мерки и што во нашата земја се случиле такви настани. Но, повеќето мислам што такви состојби биле на Универзитетот, па го натерале и на вакви мерки.

Она што мислам дека е главна задача на подносителите на интерпелацијата е да придонесат да ги разјасниме овие работи, а не да го спречуваме министерот да си ја врши работата, туку да се исправи пред една незаконитост и да сака да ја отстрани и да го направиме одговорен преку следењето да не биде после откако овие работи ги поставил и сака да ги реши и самиот креатор, бидејќи ова добива некој меѓупартиски судир на слични деформации за кои тој зборува, не информира овде, но сега приклонувајќи се на својата партија.

Оваа порака ја давам заради тоа што мислам дека партиите кои до сега премногу беа вклучени на Тетовскиот универзитет под итно да се тргнат од Универзитетот и Универзитетот да го третираат како високошколска установа која ќе биде подолговечна од секоја партија и од секој поединечен политичар. Тоа е основната задача.

Според тоа, со овој проблем со кој се соочуваме сега не смееме да допуштиме сите ние овде да се прифати дека е проблем на судир на две партии или дека е проблем на судир внатре во албанската етничка заедница во нејзините интелектуални кругови, туку мораме да сфатиме дека високошколските институции, целото високо школство со сите свои специфичности било на кој начин да се размислува и пократкорочно и подолгорочно и секојдневно припаѓа на сите граѓани на Република Македонија без оглед на преовладувањето на националното етничко потекло на еден или друг студент или мнозинството студенти. Тие студенти што завршуваат ваму или таму утре ќе теба негде да работат или да ни ја пронесат славата низ светот, па некаде да наоѓаат работно место таму. Сите ние ќе ги чувствуваме последиците за секој од нив, за успехот или не уопехот, срамот или гордоста што ќе ја покажат во своето настапување во работата итн. Затоа е ова општ проблем над сите проблеми, затоа се нафатив да се обидам да означам некои координати, да нагласам некои димензии, да ги повикам и другите ако можат да ги доосветлат работите да можеме да изградиме што поблизок заеднички став по ова прашање.

Од друга страна морам да кажам дека не сум изненаден што во една високо школска установа има толку многу незаконитости, не сум изненаден и да е точно тоа, иако е точно. Не сум изненаден заради тоа што нашите високошколски институции се дел од нашето општество и дека оваа високошколска институција се среќаваше со многубројни проблеми во своето настанување. Од друга страна тоа што се дел на општата состојба во општеството треба да знаеме дека степенот на незаконското работење во нашето општество навистина има забележително учество. И така го оценуваат. Имаме незаконитости, еве сега викаме урбана мафија, ограбување на маса луѓе, луѓето се ограбени. Ако вака на факултетот давале по 5 до 10 илјади евра да добијат соодветно образование како очекуваат утре слободно да можат да конкурираат, а не добиле такво образование, напротив, тоа е исто како оние што дале 50 - 60 илјади евра, па не добиле ни стан ни ништо, им продавале магла. Исто е и во другите области. Сега се среќаваме со многу софистицирани состојби на изигрување на Законот, па ќе видиме каква ќе биде расплетот, се среќаваме со многу чудни состојби во општеството.

Оттаму општ е интересот, без оглед на националната, етничката припадност, на возраста, на образованието, на политичката припадност, таму каде ќе видиме и се установило или барем основано се сомневаме дека има голем степен на незаконитост да се заинтересираме малку, да дадеме поддршка, да се разјаснат работите. Ако ништо друго, министерот има заслуга што го отвори ова прашање, го отвори смело, го отвори доста решително и со ризици за себе.

Исто така мислам дека секој ризик треба да биде добро пресметан но морам да кажам дека зихерашки ни една работа не можеме да ја завршиме затоа што и во сферата на криминалот и незаконитоста кој е пак криминал, да се разбереме, и таа е криминал, ние можеме да создадеме услови да се бориме против неа преземајќи некогаш и лични ризици во таа борба, инаку нема да биде можно тоа да се направи.

Оттаму мислам дека она што е одговорност на министерот, кога е веќе негова морална одговорност и како човек, ако се обидел да ја расплете сегашната состојба, да придонесе и да создаде услови како државен функционер, да го направи својот дел, да создаде услови да се расветлат работите во текот на решението не смее да се наметне со свои решенија, не смее да продуцира друга таква состојба само политички поинаку моделирана и овие што поднесуваат интерпелација ќе имаат апсолутно право тогаш да ја поднесат интерпелацијата ако така го начекат и го фатат министерот да работи. Ако работи така фактички да преовладее законот и да се создадат услови на развој на една современа високошколска установа, тогаш ќе му дадеме признание и веројатно секој ќе треба да му честита на таквата активност.

Во овој момент тој само ги покрена работите, тргнаа работите, треба да се следат работите понатаму и затоа мислам дека оваа интерпелација е преуранета и дека не треба да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики?

Рафис Алити, Агрон Буџаку, а прв се јави Догани.

По тој редослед по три минути за секој.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Јас не се јавив да му реплицирам на господинот Андов, туку да му се приклучам на неговите честитки кои ги проследи на министерот за образование на господинот Рушити за неговата извонредна работа во насока на унапредување на состојбата во ДУТ.

Исто така сакам да му се приклучам во неговите зборови објаснувајќи ја состојбата каде тој, можеби на споредeн начин, сакаше да ја прикаже состојбата или направи пропуст, значи се спомна дека ова е една битка меѓу две политички албански партии, меѓу ДПА и ДУИ. Сакам да нагласам и јасно да укажам дека оваа постапка на господинот Рушити не е со партиски пресметки, постапките на господинот Рушити, министерот за образование, имаат единствена цел да се воспостави правото во овој Државен универзитет во Тетово, да се воспостави функционирање на правото и правната држава како во оваа институција така и во сите други државни институции и неговите постапки во подигањето на темелите на еден модерен универзитет секако и кавалитетен кој ќе биде во служба на сите студенти нудејќи квалитетни услуги и произведувајќи способни и стручни кадри, како што рече господинот Андов дека утре ќе не претставуваат во светот на успешен начин. Никако не треба да се разбере оваа работа како партиска битка, туку како битка против злото, битка против незаконитото работење и против неквалитетното работење.

Уште еднаш го поздравувам чекорот на министерот Рушити и искажувам позитивна убеденост дека работите во ДУТ ќе почнат успешно да се одвиваат и ќе отпочне да се остварува нашата цел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Стојан Андов, една минута.

**Стојан Андов:** Јас зборувам за еден впечаток кој е доста присутен и мислам дека си го кажав мојот став. Партиите подалеку од високошколските институции. Таму треба да имаме државна политика, таа да се развива, таа да биде посветена на развојот, одговорни луѓе да ја водат државната политика и треба максимален размав на способни луѓе на универзитетите кои ќе ги водат тие институции напред. Тоа ми е основната мисла. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Рафис Алити три минути реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина еден пратеник со искуство каков што е господинот Андов, јасно ми е дека има доволни информации како течеше состојбата и каква е сега состојбата на Државниот универзитет во Тетово. Исто така пратеник или колега како Стојан Андов има големо искуство и знае што значи закон, што значи да се прекрши Уставот, што значи личноста да се стави над закон итн.

Но, јас го разбирам бидејќи е дел од ова парламентарно мнозинство и нормално ја разбирам неговата расправа со еден внимателен речник за да не остави впечаток дека штити нешто што е незаконито, нешто што се случило во нашата земја, а кое нема уставна и законска поддршка.

Јас не се согласувам со господинот Андов дека во интерпелацијата не се набројани фактите. Ние ги набројавме во нашата интерпелација 9 законски члена кои се прекршени.

Исто така во интерпелацијата ве повикавме да ги видите коментарите и искажувањата во врска со именувањето на новиот ректор во ДУТ, Хелсиншкиот комитет.

Исто така во нашата интерпелација ви укажавме да го прелистате извештајот на Комисијата за спречување на корупцијата и нивното мислење во оваа насока.

Пратениците од ДУИ кои се јавени за збор сигурно ќе ви понудат многу повеќе аргументи од тие што се понудени со интерпелацијата. Но, господине Андов и вам ви е јасно дека во нашата интерпелација на ниту едно место не сакаме да браниме некое зло или аномалија која се случила на тој универзитет. Напротив ние сме за тоа не само во ДУТ, туку и на другите универзитети да се реагира кога навистина има незаконски постапки од страна на професори и друг персонал.

Јас верувам дека ви е јасно доколку една Влада се штити на незаконски начин, ако една Влада не работи добро и правилно има предвремени избори. Ако една Влада се менува насилно, тогаш тоа се вика пуч.

Мислам дека најмалку ние кои сме во политика подолго време знаеме да ги разбереме овие работи, а верувам и вие господине Андов можете добро овие работи да ги разликувате. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Нема контра реплика.

Агрон Буџаку реплика од три минути.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Андов така како што што рековте без разлика на младиот претставник од ВМРО-ДПМНЕ Владимир Ѓорчев и вашето образложение беше наспроти тоа што тој рече дека ние ќе ги повредуваме законите, не прашуваме ниту за Уставот, едно мало резиме на говорот на господинот Ѓорчев вие како политичар со големо искуство, но како пратеник, но и како поранешен претседател на Парламентот, а првенствено како политичар дадовте дијагноза која во народот се кажува и ти имаш право и ти имаш право. Значи двете страни се во право, но

со образложението на едното право вие го искрививте другото, всушност ја искрививте реалноста имајќи предвид дека вие се обидовте да го образложите правото на господинот Рушити, а не така како што почнавте, да го образложите правото на двете страни затоа што нашето право е сосема нормално, без оглед што 100-те дена не се поминати, вие треба да бидете свесни дека ниту една влада во светот нема карт бланк ( бела карта) или слободно поле на дејствување за 100-те дена да прави што сака сигурно дека ние ќе реагираме кога се повредува Уставот и во образложението што го даде координаторот на парламентарната група вчера се кажа дека детет члена од законите кои се повредени мислам дека вие треба да кажете дали оваа Влада и ова мнозинство ќе го почитвуаат Уставот и законите или не. Самиот господин Рушити во неговото образложение вчера го спомна членот 181, во тој член се кажува што може да прави министерот. Министерот може да презема чекори, да даде шест месечен рок минимум за да се подобрат работите додека оваа постапка беше без никаква најава или без никакво почитување на самиот член кој го цитираше господинот Рушити.

Тука се поставува едно прашање, значи ние сме под силен меѓународен мониторинг, ќе кажам дека оваа Влада и ова мнозинство дали ќе го повредува Уставот и законите, дали може да се интервенира надвор од закнот за да се спречат незаконски постапки.

На овие прашања би сакал да добијам одговор од вас, а ние сме нагласиле и постојано го нагласуваме проблемот на владеење на правото. Ќе го повторам тоа што го кажа господионот Рафис Алити дека ние сме за етаблирање и како што имале тешкотии другите универзитети, имаме и ние, но ние сме за надминување на овие недостатоци.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за образование и наука, господинот Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во моето излагање вчера го цитирав законот, но сметам дека за квалитетот на оваа дебата денес треба да се фокусираме на тоа што е автономија на еден универзитет и што значи ако еден универзитет нема органи кои ја дефинираат автономијата. Мислам дека во аргументите и фактите што ги доставив, добиени од страна на Државниот просветен инспекторат, што се однесува до автономијата, има доволно факти и аргументи дека Тетовскиот универзитет работел без потребните органи кои ја дефинираат автономијата на унивезитетот. Сметам дека следните чекори од страна на Министерството и на Владата се да се внесе автономија на универзитетот, за да се зајакнат органите на тој универзитет и тогаш ќе има автономија, тогаш може да се разговара дали има непочитување на членот 181 или напочитување на Законот за високо образование.

Почитувани, уште еднаш би сакал да се обрне внимание повеќе на аргументите дали постоела автономија, дали постоеле органи кои ја дефинираат таа автономија и на другите факти и аргументи што се доставени, но и дополнително денес што ќе бидат доставени од страна на службите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеничката Теута Арифи. Повелете три минути.

**Теута Арифи:** Молам да се запази редоследот на говорниците и после Зумрете Јакупи јас сум пријавена.

Во однос на интервенцијата на господинот Рушити во врска со автономијата на унверзитетот, автономијата не само на Државниот универзитет во Тетово, туку автономијата пред се како концепт, како уставно и демократско достигнување како форма на функционирање на секој универзитет во светот, а не само на нашите универзитети е еден многу повисок концепт од самите внатрешни органи на универзитетот. Затоа концептот д се внесе автономија на униврзистетот (пратеничката продолжува да зборува на македонски јазик), не се однесува на автономија ниту на Државниот тетовски универзитет ниту на некој друг универзитет. Автономијата е нешто што е гаранатирано со законите и Уставот и е гарантирана илјада години со ред откако функционираат универзитетите. Државата, органите, министерствата можат само да помагаат тој процес добро да функционира, но никако да ги згазат принципите кои се базираат врз концепти како што е автономијата на Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Павле Трајанов, но е отсутен.

Сега има збор пратеникот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

На денешната седница по повод интерпелацијата на министерот Рушити, би сакал и јас да кажам одредени размислувања во врска со оваа интерпелација, односно јас би зборувал за моралните вредности и квалитетот кој го поседува министерот Рушити.

Неколку дена откако беше именуван за министер, беше почетокот на септември, во Куманово имаше немили настани во едно основно училиште со националистички односно расистички испади од некои родители во Основното училиште, Македонци, кои не сакаа да примаат ромчиња ученици во прво одделение да учат со нивните деца. Ургентно ненајавено побарав да се видам со министерот, со претставници од мојата политичка партија и истиот ден, истиот момент министерот ни

овозможи една таква средба, на која директно се заангажира преку своите вработени и лично самиот, дури и новинари чекаа информации по повод тој настан, па веднаш го реши истиот проблем, со што спречи да дојде до некои лоши состојби во нашата држава по повод таквите испади. Меѓутоа, не само тоа. Истиот ден разговаравме тројца припадници од ромската заедница да бидат примени во тоа Министерство за образование и наука и тоа министерство кое многу значи за ромската заедниа, знаејќи дека ние сме најнеобразованите граѓани во државата, за прв пат во историјата од постоењето на ромите на овие простори во Министерството кај министерот Сулејман Рушити имаме директор и тоа именуван од Владата во Управата за развој на заедниците и двајца други вработени роми.

Освен тоа, имавме разговор околу средното образование да се изгради училиште во Шуто Оризари. Таа населба постои од 1963 година, сега е општина и во целина добивме согласност да може во општина Шуто Оризари со помош на нашата Влада, односно Владата која сега управува во државата, да се изгради училиште за средно образование во Шуто Оризари.

Значи, не е само мое право да дадам подршка за министерот Сулајман Рушити, туку претставува и една благодарност за неговата транспарентност во работењето, за неговата одговорност во работење и сите морални квалитети кои ги покажа во разбирањето на мојата заедница од причини што до денес, до неговото министерување, до неговото именување како министер, ниту една влада, ниту еден министер не направил толку многу за неколку месеци колку што јаправи господинот Сулејман Рушити. Не сакам да бидам адвокат на некого, меѓутоа, пред фактите и боговите молчат, сигурен сум дека она што го сторил го сторил најдобронамерно, односно застанал во заштита на владеењето на правото. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Агрон Буџаку реплика три минути, повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски,

Господине пратеник, сигурно на некој начин емотивно искажавте еден свој впечаток за овие човечки аспекти, но за тоа постојат и хуманитарни здруженија, невладини организации и има луѓе кои се занимаваат со оваа работа, посебно кога се работи за Деценија на Ромите, како што е меѓународно призната. Од овој аспект, сите треба да се ангажираме за основните и елементарни права на образование на ромите, истите да се почитуваат да се помогнат. Од тој аспект, ова е сосема нормална работа, но мислам дека малку ја погреши адресата самиот пратеник, затоа што говориме за интерпелација повредување на Уставот и законите. Тука не се говори за интерпелација на министерот како личност, него не го судиме тука како личност, туку како член на Владата за што треба да одговара и премиерот, или господинот Груевски како што велиме ние, затоа што неговата легитимност со право не ја признаваме, затоа што не може да биде легитимна таа влада која го повредува Уставот и законите на Република Македонија, посебно во една толку чувствителна областа како што е автономијата на универзитетите кои страдале и претрпеле, меѓутоа, и добиле големи луѓе. Како што рече Теута, пред илјада години, нема ниту една влада во светот ниту премиер ниту министер во современиот демократски свет, кои би можеле да дозволат да се повреди оваа автономија и да се интервенира арбитрарно. Можеби ова мнозинство ќе дозволи арбитрарност и едностраност, значи повредување на Уставот и како што почнале, тоа и го дозволува. Меѓутоа, уште еднаш ќе нагласам дека тука се работи за еден силен меѓународен мониторинг, затоа што ние претендираме да бидеме дел од семејството на цивилизирани народи, народи кои имаат големо искуство и почитување за автономијата на универзитетот и за академскиот свет во целина. Јас мислам дека на овој начин - ова ќе му го нагласам на господинот Салиу - дека тука се работи за нешто многу поголемо отколку што е своеволно однесување или одлука, или некоја практика што тука се наметнува, со тоа што ниту Деловникот на Собранието не се почитува, се повредува Уставот и законите. Тука треба да бидеме многу чувствителни и мнозинството треба добро да размисли, затоа што се работи за елементарно начело на цивилизираниот свет на автономијата на унверзитетите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Му благодарам на почитуваниот колега, ако навистина сериозно мисли дека ова било емотивно, па имало инструменти каде на друго место би можеле да се реализираат одредени права на мојот колективитет. Меѓутоа, за едно свежо почитување, оваа Декада на ромите се одбележуваше и пред една година, кога токму од партијата на претходниот дискутант имаше министер за образование и прашувам зошто тогаш не се направија овие конкретни чекори кои сега се направија.

Во поглед на она што разговараме, темата на денешната интерпелација, моето искажување е еден сегмент од вистината, односно веројатно од правилните потези кои ги повлекол министерот Сулејман Рушити и она што како факти и докази вчера беа доставени, за мене како правник се доволни за да се утврди дека нема вина кај министерот Рушити.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Тахир Хани, имате збор.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, денес на дневен ред е расправата во однос на работата на министерот за образование и работата на Владата, па сакам да поставам прашање како треба да се сфати денешната расправа.

Во прв ред, сакам да кажам дека јас си поставувам самиот на себе прашање и на ова Собрание како највисок законодавен орган и

орган избран од граѓаните на Република Македонија, со надеж дека од овој орган ќе отпочне почитувањето на уставните одредби, функционирањето на правната држава и една подобра перспектива во обласа на економијата, политиката, заштитата на правата и слободите на човекот и гаранцијата на безбедноста на граѓаните. Со еден збор, сакам да кажам дека ќе се создаде една политичка средина со што сите граѓани ќе го почуствуваат функционирањето на правната држава во целина овде во Македонија.

Денес треба да докажеме и дали сме подготвени да направиме еден пресврт во нашиот ментален концепт како треба да ја изградиме политичката клима и почитувањето и политичката перспектива на секој од нас поединечно и понатаму да влијаеме во нашето опшстетво во Република Македонија.

Пред малку во дискусијата учествуваше еден од највозрасните пратеници во ова Собрание, господинот Стојан Андов, кој во првиот дел направи една елаборација, и тоа добра елаборација на тоа што се вика почитување на уставните одредби, закони и автономијата на универзитетот. Во своето искажување нагласи што е кршење и како треба да пријдеме на противуставно или противправно кршење на оредбите и повредување на автономијата на универзитетите. Тој нагласи дека има кршее и повреда, но во вториот дел од неговиот говор образложи, ако уставното и законското кршење се врши во интерес на еден пресврт, на елиминирање на аномалиите на еден универзитет, тогаш тој е разумен и ова е смелост. Но мислам дека историјата на раѓањето на Државниот универзитет во Тетово и неговиот развој до фазата на неговото легитимирање, сите сме свесни и едно вакво чекорење секако има аномалии. Ние не можеме да дојдеме во состојба, во име на овие аномалии, да елиминираме еден временски историски период од албанцие во Република Македонија.

Јас жалам што вчерашниот дневен ред односно овој дневен ред го претворивме во еден инструмент на производство на зло и се создава впечаток дека Парламентот сме го претвориле во една машинерија за производство на проблеми на злото и индивидуалните искажувања на оваа работа или за некоја личност во овој Парламент. Јас ѓе се обидам да поставам едно прашање и да побарам одлука од Собранието за што е определено ова Собрание во овој мандат. Определувајќи се со своите одлуки и политичките ставови врз овие дилеми, кои ми се јавуваат мене во дадениот момент.

По интервенцијата на автономијата на Државниот универзитет воп Тетово се постави дилемата во парламентарната група на ДУИ и ПДП да се донесе интерпелација или да не се покрене оваа интерпелација, па парламентарната група ДУИ - ПДП на крајот одлучи да ја поклрена оваа интерпелација. Парламентарната група ДУИ - ПДП на крајот одлучи да покрене интерпелација за работењето на министерот но не значи дека се исклучува од одговорноста и Владата на Република Македонија. Имаме две одлуки од 6.10.2006 година и главно се поддржува членот 68 став1. Исто така, има поддршка и во членовите на Статутот на Државниот универзитет во Тетово, наредени по ред, има една низа и тоа не мал број на членови од Статутот на Универзитетот. Јас се заложив да го перцепирам овој проблем и да изградам свој став, па дојдов до заклучок дека во Собранието треба да се постави и расчисти дилемата, дали господинот Сулејман Рушити го почитуваше Уставот, законите и Статутот на Државниот универзитет во Тетово или не.

Во однос на аномалиииите на Универзитетот во т етово сите сме свесни и ние во ова Собрание и граѓаните и многу други експерти дека таму има аномалии, затоа што во прв ред имавме едно негативно расположение од страна на минатите политички гарнитури, кои беа апсолутно против овој универзитет. Тогаш кога почна илегално да работи овој универзитет, имаше употреба на сила. И тогаш кога почна овој универзитет имавме максимална заложба на политичките субјекти, на интелектуалците од тоа време, Државниот универзитет во Тетово да почне со работа со тој капацитет, со кој располага. Сигурно дека сите ние сме свесни дека и државата Република Македонија не почна на ова ниво со својата државна инфраструктура. Почнавме со едно ниско ниво на своја инфраструктура и првите кадри од државата Република Македонија не биле доктори на науки, не биле личности со големо политичко искуство, но еве денес го имаме Стојан Андов и многу други пратеници кои имаат една децениска политичка кариера и е нормално нивните говори и излагања да бидат на високо ниво и да знаат да го кажат тоа што е прекршување, но од друга страна да прават политички баланс и на крајот да кажат се и да го доловат сегментот кој нив ги интересира. Нагласокот на оваа расправа, дали има или нема аномалии во ДУТ, мислам дека има и мислам дека во животот секогаш ќе има аномалии, не само во овој универзитет, тоа го има и во Скопскиот универзитет “Кирил и Методиј” и во секој друг универзитет во светот. Затоа што се поставува прашањето дали има корупција во една држава или нема. Но се поставува дилемата дека доколку во една држава има 30% корупција, ова е проблем на самата држава. Доколку има 50% корупција, тоа е сериозен проблем на таа држава. Но доколку е 70% корупција, тогаш криминалот раководи со таа држава. Значи, треба да се заложиме околу ДУТ, да ги поставиме овие дилеми.

Јас мислам дека секоја нова политичка гарнитура, секако, се залага да ја наметне својата политика во државата и во сите сегменти од општеството. Но кога се говори во моментот и за овој министер, мислам дека со нивното политичко наметнување и нивниот политички концепт, има многу министри во Владата на Република Македонија кои ја наметнуваат и

прават политички измени, немаат најавено една вака длабока дебата во јавноста и јас мислам дека имало механизми и имаме методологија и има можности да се направат политичките измени, без да се повреди Уставот и законите во однос на автономијата на универзитетот.

Јас мислам дека во моментот се јавува една фундаментална дилема, а тоа е во членот 68 став 3, кој е education. Ќе се заложам да го прочитам македонски: член 68 “Ректорот е раководен орган на Универзитетот. Ректорот се избира од редовните професори за време од 4 години. Ректорот се избира на начин и под услови утврдени со статутот на Универзитетот. Ректорот може на начин и под услови утврдени со статутот на Универзитетот да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран”.

Што значи дека доколку е значајно повикувањеот на министерот во овој член од Уставот на Република Македонија и ставот 3 му дава ингеренции да интервенира и да донесе одлука за разрешување, или не му ги дава овие надлежности. И дека кој надлежниот орган за носењето на одлука за избор и разрешување на Ректорот.

Исто така, во неговото излагање министерот зборуваше за членот 181 од Законот за високо образование, каде вели и во овој член 181 стои децидно се повикува на овој член и се поддржува дејноста на овој член, каде се вели: “надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високо образовната установа работи спротивно на овој и на друг закон, со кој се уредува вршењето на високо образовната дејност, со записник ќе и укаже на високо образовната установа на незаконитоста во работењето и ќе и определи рок за отстранување на незаконитоста, кој не може да биде пократок од 6 месеци”.

Во овој дел од членот сакам да кажам дека дали интервенирал министерот во првиот дел и тоа писмено во неспроведливоста на Законот за високо образование во ДУТ. Значи, министерот исто така треба преку оваа забелешка да го упати универзитетот во еден рок од 6 месеци да ги отстрани сите аномалии или законски прекршувања кои се направени. Сакам да го кажам тоа дека доколку ДУТ не го почитувал членот 181, се преземаат други чекори кои се потребни да се интервенира за да се поспостави редовно работење. Затоа што, доколку се повикува на овој член, тогаш, доколку министерот предвиди законско кршење, треба да ја прекине натамошната функција на ДУТ до отстранување на тие нерегуларности.

На крајот, сакам да кажам дека во оваа расправа ние треба да се залагаме, да бидеме разумни и да уведеме каде имало прекршувања и повреди и како треба да се отстранат овие проблеми. Во однос на работата на ДУТ дали имало или не аномалии и повреди, мислам дека не треба да расправаме нашироко за тоа прашање, бидејќи се знае дека имало аномалии и тие аномалии треба да се решат преку другите органи и треба да се залагаме сите заедно ова да се подоби и да се стави на добар пат да може да се усоврши функционирањето на Државниот универзитет во Тетово. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика Ружа Ѓорѓеска, повелете три минути.

**Ружа Ѓорѓеска:** Спрема претходниот дискутант, излезе дека е добро што се отвори интерпелацијата за господинот министер, бидејќи со тоа излегоа на виделина многу неправилности, кои што се случувале таму, а кои што во секој случај министерот што ги превзел чекорите, ќе излезе дека е да ги заштити интересите и на студентите и на останатите вработени на тој универзитет. Значи на секој начин, вака како што говореше и претходно, искажа загриженост. Во овој случај министерот направил исклучително добра работа што интервенирал на време и не оставил да поминат и тие 6 месеци, како што се повика претходниот дискутант, затоа што така чекајќи за тие 6 месеци, веќе година и кусур одредени вработени во поранешниот ученички дом во Тетово останаа без работа со непочитувањето на одлуката која што требаше да се спроведе од страна на претходниот министер.

Во членот 4, со одлука на Влада од 25 август 2005 година се задолжува Државниот универзитот во Тетово да ги преземе вработените од ученичкиот дом Моша Пијаде во Тетово. Меѓутоа, и до ден денеска тие вработени не се преземени и се останати надвор и нормално, си го носат својот револт во себе, покрај сите други неправилности кои што се случиле. Зошто почитуваните колеги тогаш не искажаа загриженост за Зоран Јовановски, Славчо Ефтимов, Капка Божиновска, Абедин Алити, Љубе Наумовски, Слободан Тошевски и Кадри Цека, туку сега, да речеме со правилната работа на министерот, кој што нормално со започнувањето сакаше да ги разреши овие битни правни регулативи на некој начин, а излезе дека го крши владеењето на правото, или се работи само за една личност, а не за правата на големиот број студенти кои што ги има таму. Туку да ја гледаме малку и од друга страна работата и онака како што кажа господинот почитуваниот Стојан Андов, дека треба да се има одговорност за овој проблем за јакнењето на правата, меѓутоа, не на една личност, туку за сите студенти и за сите вработени на Државниот универзитет во Тетово.

Јас сметам дека министерот постапил токму така, штитејќи го правото на студентите и на останатите вработени на Тетовскиот универзитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Тахир Хани:

**Тахир Хани:** Не сум против идејата министерот да воспостапи правила и дисциплина да ги следи и спроведува уставните одредби, да има успех во ДУТ, затоа што длабоко сум убеден дека во прв ред од највисоките органи треба да се

почитуваат законските одредби и мислам дека имаше време и можности и има механизми за да се направат измени во согласност со неговиот политички концепт. Сето ова зависи од способноста и капацитетот на управувањето како да се направат измени и да не се создадат проблеми.

Во однос на ДУТ, мислам дека денес имаме можност да се проследи и да се почитуваат сите законски и уставни одредби. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Што се однесува до член 181 во делот кој беше цитиран од страна на пратеникот, јас работата во Министерството ја сфаќам во континуитет и има укажувања до Државниот тетовски универзитет од пред една и повеќе години, потпишан од претходниот министер за образование и наука Азис Положани за одредени неправилности, односно за неколку неправилности, кои неправилности не беа отргнати. Јас разбирам дека така е во законот, не е помалку од 6 месеци. Само во Законот не се одредува името и презимето на кој министер, туку тоа е работа во континуитет. Сметам дека според Законот за слободен пристап за информациите имате право како пратеници да ги побарате тие укажувања и да побарате дали од страна на Универзитетот биле отстранети таквите неправилности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Гарип Каба.

**Гарип Каба:** Благодарам господине претседател, се радувам што ја користам приликата во овој момент на некој начин да му реплицирам токму на мојот земјак на господинот Тахир Хани. На некој начин тој се согласува и самиот констатираше во својата расправа денес дека имало, или пак има потреби во таа високо образовна установа, значи во Државниот универзитет во Тетово и стравот што го искажа, или констатацијата што ја искажа остава простор, господинот Тахир да го споделува истото мислење и со пратениците на позицијата. Значи, и ние, мислам на позицијата од ДПА. Јас го поканувам господинот Тахир да продолжи со ваквите дискусии во иднина и да се врати таму каде што му беше местото во матичната партија, каде што му беше местото порано. Значи, во овој случај, во оваа прилика сакам да направам и некои други интервенции, што се однесува на цитирањето на членовите од страна на господинот Тахир, кој што спомна неколку члена, или пак злоупотреби што се направени во согласност со Уставот и законите.

Мислам дека не е упатно и не е моментот во една институција каде што се направени такви злоупотреби на финансиските средства и вработувањата во таа институција и другите злоупотреби кои што претходните говорници, или пак моите сопартијци ги нагласија тука пред говорницата и се уште останале злоупотреби кои не се кажани, мислам дека беше моментот да искористи едно енергично интервенирање да се избегне злоупотребата, или пак да се избегнат неправилностите во работата во таа институција.

Во оваа прилика, јас мислам дека работата на министерот и неговата интервенција за овој случај е многу успешна и потребна.

Ги поканувам пратениците кои се пријавени за збор да не земаат збор да расправаат по ова прашање, затоа што мислам дека оваа тема од дневниот ред е консумирана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Тахир Хани:

**Тахир Хани:** Мислам дека мојот колега, или лицето со кое имавме заеднички идеали во 1985 година ми укажа забелешка и јас сакам јавно да кажам дека јас сум член на ДУИ и ќе останам и во друга партија немам намера да одам не само сега, туку никогаш немам намера да го направам тоа. И подобро нема да се занимавам со политика, отколку да преминам во друга партија.

Второ, јас мислам дека идеализмот е утопија. И да кажеш дека никаде нема аномалии, тоа може да го каже само еден политички дилетант, затоа што во сите институции има кршење на законот. И тоа апсолутно. Така што, не можам да кажам апсолутно, дека немаме аномалии. Но, јас сакам да го кажам и тоа дека не се оправдува кршењето на Уставот од највисоките државни институции, поради некои аномалии.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути Лазар Китаноски.

**Лазар Китаноски:** Јас сепка ќе морам да станам на говорница, затоа што имам чувство дека разговарам со заврзани очи и со затнати уши. Ве молам, ова е еден од ретките преседани од осамостојувањето на Македонија, така драстично да се крши еден закон. Пред се, закон кој се однесува за автономијата на Универзитетот. Колегата министер не го знам, можеби е чесен човек, меѓутоа, демократија без закони не постои. Тоа е или анархија, или диктатура. Тоа е елементарно правило, кое треба да го знае секој студент на правни студии, меѓутоа, треба да го знае и секој пратеник.

Претпоставувам дека има многу политика и во оваа акција што е преземена околу Универзитетот. За жал, министерот ако уочил дека има неправилности, требал да прати инспекциски органи од образованието, требал да повика на соработка Министерството за внатрешни работи, доколку има кривични дела, да го извести Собранието кој е основач на Универзитетот. Не е министерот основач. Ова Собрание е основач на Универзитетот во Тетово. Да поминат сите механизми, тие документи нема да избегаат. Тој што ќе се обиде да сокрие документи ќе одговара кривично. Се слушна во јавноста дека имало некој документи со кои се кршел законот итн. Мене ме чуди некои искусни пратеници кои сакаат да најдат оправдување, очигледно дека министерот по мене згрешил. Владата згрешила која дозволила, која не му кажала на министерот, господине министер. Пред

се, премиерот згрешил. Јас не верувам дека министерот без знаење на премиерот го направил ова.

Господине министер, основач е Собранието. Покренете ги законските механизми на Министерството за образование и министерството за внатрешни работи.

Известете го Собранието, повикајте ја матичната Комисија, значи, има еден цел систем кој ја брани автономијата на Универзитетот. Не тврдеам дека таму немало грезшки и пропусти, можеби и злоупотреби, меѓутоа не на овој начин. Овој начин не е добар. Замислете сега, во стопанството да се случат некои работи и министерот за стопанство да почне да затвора фабрики, да затвора претпријатија и ако некој случај на берза, да одзема акции итн. Тоа е анархија или диктатура, или како сакате. Обично анархијата и диктатурата се спојуваат и на крај остануваат едно исто.

Мислам дека и самиот министер е доведен во многу тешка ситуација. Тој можеби спроведува некоја политика на која му е кажано и јас го гледам по изразот дека му е непријатно. Меѓутоа, законот важи за сите, важи и за Владата, за премиерот, важи и за министрите, важи и за пратениците. Треба во мирна атмосфера да се признае грешката, да се покренат овие механизми за кои зборував. Без закон нема демократија.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Ришити. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Сметам дека повторно треба да дадам некои дополнителни информации што се однесува до процедурата. Почитуваниот пратеник незнам дали вчера доби документи и од увидите и записниците од страна на Државниот просветен инспекторат и Министерството за внатрешни работи се известени за неправилностите, исто така, документирани од Државниот просветен инспекторат.

Што се однесува до толкувањето на дел од членот 181 да се извести основачот, тоа е во втората фаза кога се зема одлука за затворање на установата.

Почитувани пратеници, сакам уште еднаш да укажам дека тоа што пратеникот го рече дека сум приморан од некои политички или партиски ставови, уште еднаш потврдувам дека законски сум постапил, морално уште еднаш тврдам дека во таа установа не се утврдени некои неважни илли мали аномалии за кои можевме само со еден увид од страна на Министерството за внатрешни работи или на Инспекторатот да ги тргнеме. Во таа установа беа утврдени главните, клучните работи кои ја дефинираат афтономијата. Утврдени се дека два факултета не ги исполнуваат условите за да бидат акредитирани. Тоа значи по афтоматизам, според законот дека не може да постои законски регистриран како универзитет тој државен универзитет, бидејќи не ги исполнува и условите пак според Законот и пак според Одборот за акредитација, што е три факултети плус два или четири плус еден. Значи, од почеток во регистрацијата не биле бирани органите на Универзитетот, туку биле назначени, за жал, политички, за жал од бившата Влада, што значи се работело од почеток до моментот кога беа утврдени овие неправилности од страната на Државниот просветен инспекторат за непостоење на органи. Таквите неправилности сметам дека не се мали и дека не можеме да ги релативизираме со дискусии дека имало можности. Уште еднаш потврдувам дека ќе се залагам во сите други институции каде што ќе има неправилности кои ќе бидат утврдени за сите тие аномалии кои за жал беа утврдени во Тетовскиот универзитет, ако бидат утврдени и во другите институции, ако бидат утврдени корупција, криминал и безброј други финансиски малверзации, исто така според Законот, ќе постапам во сите институции. Но, да се повикаме на Уставот и загарантираното право на автономијата на Универзитетот во момент кога нема органи, нема легален Сенат, тоа значи нема органи кои треба да бидат главните елементи на автономијата на Универзитето.

Почитувани пратеници, во моментов ние се залагаме со надчовечка енергија да внесеме институционален ред во таа институција. Во моментов имаме согласности за вработувања, за да може Универзитетот според Законот да постои како таков. Бидејќи, ако не ги исполниме условите сите факултети да го имаат тој минимален број на вработени три плус три, тогаш ќе се сведеме на тоа да мораме да го почитуваме тој последен дел, што почитуваниот пратеник го цитираше, да го известиме Собранието за да ја затвориме институцијата.

Владата и јас цврсто стоиме зад тоа. Ние се залагаме да внесеме ред во Државниот Тетовски универзитет, тој да ги почитува законите а и Уставот на кој се повикуваме и да го зајакнеме капацитетот, да ги тргнеме тие аномалии кои се фактички и кои постојат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Гинев Јован има реплика на господинот Лазар Китановски.

**Јован Гинев:** Почитуван претседателе, почитуван господине министер, колеги и колешки пратеници,

Јас накратко ќе реплицирам на господинот Китановски кој се обиде јавно од говорницата да го обвини министерот, без да ги има фактите кои што ги изнесе и вчера и денес господинот министер Рушити.

Фактите што ги изнесе господинот министер Рушити, господинот Ружди Матоши и господинот Фадил Сулејмани за случувањата на Тетовскиот Универзитет се шокантни и се поставува прашањето дали тоа е возможно да се случува на еден Универзитет во една демократска држава која се стреми кон патот на Европската Унија и НАТО алијанската. Тоа е Универзитет кој треба да профилира кадри кои треба да се вклучат во сите сфери на живеење и изградба на

демократските процеси во Република Македонија, како и да не претставуваат надвор од границите на Република Македонија.

Одтаму ја разбирам и ја оправдувам намерата на министерот Рушити во Тетовскиот Универзитет да ги спречи сите неправилности и да го доведе тој Универзитет да функционира како еден модерен Европски универзитет, а не да го затвори, како што тоа тука беше кажано.

Сите аргументи кои што беа изнесени од министерот за образование за Тетовскиот универзитет треба да се разрешат по канален ред и инструментите на правната држава.

Заради аргументи што ги изнесе министерот и напорите што тој ги превзеде за решавање на проблемите на Тетовскиот универзитет, јас му давам целосна подршка и ќе гласам против Интерпелацијата на министерот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Лазар Китановски .

**Лазар Китановски:** Прво, на последниот пратеник не би можел да му реплицирам, затоа што прво не е деловнички, второ не го разбрав што сакаше да каже, а трето не знам каква врска има со НАТО, не ми е јасно.

Меѓутоа, она што го кажа министерот практично ги потврди моите тези. Се согласуваме дека мора да има ред во оваа држава, меѓутоа не се согласуваме во начинот како тоа да се направи. Тој сам вели дека вчера доставиле извештај, јас го немам добиено, не знам зошто, значи она што јас тврдев дека прво треба да се превземат определени активности според Законот и на крајот, се разбира, да се види што треба да се направи понатаму. Со други зборови, мислам дека министерот ги потврди моите тези, само што не се согласуваме околу тоа прво министерот да се јави како некој што е над законот и да затвори нешто, па утре може да каже не ми се допаѓаат некои работи на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Потоа, ќе докажуваме кој е во право. Во правото не постои таква работа односно во демократијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Се извинувам, мислам дека на сите пратеници требало да им бидат доставени од страна на службите фактите и аргументите и ако смета дека пак треба да ги образложам и процедурата да ја образложам, јас сум подготвен уште еднаш тоа да го направам.

Широкото и слободното толкување на членот 181 без да се имаат фактите и аргументите не доведува до вакви констатации. Точно е дека треба уште еднаш да се извести основачот, но тоа е во една друга алинеја. Укажувањата кои биле пратени до Државниот Тетовски универзитет се архивирани и ќе ви бидат дополнително доставени. Мислам дека во ниеден момент нема кршење на Законот, а со тоа нема кршење и на Уставот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Јаготка Ивановска.

**Јаготка Ивановска:** Претседателе, јас се пријавив навреме веднаш кога заврши колегата Хани со дискусија и таму сум пријавена, можете да проверите. Можеби на екранот тоа не се гледа, меѓутоа навистина сакам да го расчистам ова како дилема кај другите пратеници.

Значи, моето право на реплика го задржувам и понатаму за да се јавам за дискусија. Но, во овој момент ме поттикна на реплика господинот Тахир Хани кога и самиот тој призна дека навистина на тој Универзитет има одредени нелегалности, дури и спомна дека има потреба од некој кадар. Тој е универзитет во основање, меѓутоа, не би се сложила, тука е моето несогласување дека во 2004 година, ние имаме во Македонија недостаток на кадар, кој што евентуално би требало да учествуваат во работата на тој Универзитет. Во тој контекст клучно се навраќа на истиот проблем, а тоа е дека првото конституирање на Сенатот на 27.09.2004 година се со легано право на членови на Сенатот биле избрани вкупно две лица, а останатите 12 немале законска основа за верификација на мандатот. Бројот на членовите легално избрани бил два, што не претставува мнозинство од вкупниот број на членови. Според тоа, Сенатот не можел да донесува правосилни одлуки во согласност со Законот за високо образование.

Затоа, Државниот инспекторат кога отишол и ги нашол овие наоди, тој констатирал и укажал дека, имаме писмено добиено вчера сите, жалам ако некој од колегите не го добил тоа, па укажува дека одлуките кои се донесени во Сенатот во состав од идната седница до денес, се без правно дејство и се ништавни. Дали тоа колегата добро го разбира и мислам дека е тоа клучниот момент што ние треба да се загрижиме и во поткрепа на тоа, едно позитивно мислење дека министерот за образование ги превземал сите дејствија, одкако претходно биле завршени сите фази. Потоа, има укажување од Државниот инспекторат, не од министерот, дека треба да се пристапи кон усогласување на статутот на Државниот универзитет со Законот за високо образование, а потоа да се спроведе изборна постапка за замена на научно-наставните лица според Законот. Значи, овде ние имаме законски непостапување во однос на конституирање на Сенатот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика една минута има Тахир Хани.

**Хани Тахир:** Сакам кратко да одговорам. Не може да констатирам дека нема аномалии, бидејќи кога ќе кажам дека нема аномалии, значи тоа е утопија. Идејализам во светов нема. И Свети Кирил и Методи ако влеземе во архивата, ќе најдеме една низа на аномалии, но ова не значи да го прекршиш Уставот и Законот.

Второ, јас сакам да го кажам следново.

Ние сме денес во овој Парламент, но нема да бидеме цел живот. Стандардите кои ќе ги воведеме денес, ќе важат и утре. И пратениците

кои штитат неколку стандарди денес, по неколку години ќе видат кога ќе бидат во опозиција, бидејќи стандардите денес воведени, ќе важат за другите партии кои ќе бидат утре во опозиција. Благодарам

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Тале Герамитчиоски.Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе,

На почетокот дозволете да изразам протест заради прекршување на Деловникот кога на репликата дадовте уште една реплика. Тоа предизвика низа недоразбирања, се јавија и други дискутанти и ве молам во иднина да се придржувате на Деловникот, барем додека е овој на сил.

Дозволете да се вклучиме и ние во расправата. СДСМ не е подносител на иницијативата за интерпелација на министерот за образование. Но, мора да го искаже својот став по повод оваа Интерпелација од неколку причини.

Јавноста е силно вознемирена од постапките и чинот на разрешување на ректор, особено тоа се однесува на универзитетските работници кои што се вџашени од оваа постапка.

Јас на почетокот сакам да ставам јасна дикстинција помеѓу две димензии кои што постојат во активностите на министерот. Една е воочување на активностите, процесите преку надзорот и контролата на работењето на Државниот универзитет во Тетово, кој што се обидел да ги отстрани односно да ги санкционира.

Втората димензија е начинот на кој што тоа се обидел да го направи. Без намера да влегуваме во некои политички или партиски пресметки кои што беа овде најавени, ниту со намера да браниме незаконски дејствија и активности или состојби ако се веќе утврдени во една институција, дозволете да го искажеме нашиот став по однос на втората димензија, грубото кршење на Уставот на Република Македонија и еклатантно кршење на законските одредби во Законот за високото образование при обидот на министерот да ја разреши ситуацијата на Државниот универзитет во Тетово.

Доколку не се почитуваат законските одредби кои законодавецот ги предвидел и при вакви ситуации и му ги дал како механизам и инструмент за постапување, на органот кој по Законот е должен да постапи, тогаш влегуваме во водите на анархија и непочитување на законските одредби од оние институции кои по Устав, меѓу првите се задолжени да ги спроведуваат.

Овде беа поставени неколку дилеми од повеќе говорници, меѓу другото што значи автономијата на Универзитетот и тоа како се толкува. Мислам дека тоа прашање одамна е апсолвирано, вградено е во нашиот Закон за високо образование. Патем, Законот за високо образование доби највисоки оценки од страна на Советот на Европа, кога го елабориравме по обем, содржина, по акти кои се дефинирани во него. Токму одредбите кои се однесуваат на универзитетската автономија и академските слободи кои се дефинирани во Законот, доби највисоки оценки после потпишувањето на Болоњската декларација од страна на Република Македонија. Но, еве, да бидат отстранети овие дилеми, само ќе ви прочитам, во поимникот кој е дефиниран во Законот, што значи автономија на Универзитетот. Автономија на Универзитетот значи академска слобода, академско управување и неприкосновеност на автономијата на Универзитетот. Како е прекршена таа одредба, ќе се обидам да дефинирам во законските одредби, членови кои министерот ги елаборираше и во својот говор. Значи правото за да постапи министерот, го прочитал во членот 181 од Законот за високо образование кој го дефинира надзорот над законитоста во работењето на високообразовните институции. Во него стои, цитирам како што и министерот цитираше: “Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високообразовната установа работи спротивно на овој и на друг закон со кој се уредува вршењето на високообразовната дејност, со записник ќе и укаже на високообразовната установа на незаконитоста во работењето и ќе и определи рок за отстранување на незаконитоста, кој не може да биде пократок од 6 месеци”. Прво, министерот преку Државниот инспекторат извршил надзор и констатирал одредени незаконитости во работењето.

Првото прашање е дали во Записникот кој ни беше поделен, надзорот се извршил од страна на инспекцијата на 24.10. и дадени се Предлог-мерки. Се поставува прашањето зошто на Универзитетот записнички не му е даден рок, во рок од 6 месеци да се отстранат сите оние недостатоци и аномалии кои се воочени, туку во Предлог-мерките и во пишаната форма на заклучоците на Инспекторатот, стои “за преземените мерки и активности треба да се извести Државниот просветен инспекторат, во писмена форма во рок од 10 дена”. Немаме информации дали се постапило или не по ова укажување од страна на Инспекторатот. Но, доколку внимателно се прочитаат наодите, ќе видите дека забелешките се однесуваат на некомплетирана документација на одредени универзитетски професори кои се и членови на Сенатот и од тие причини се изразува сомневање на законското право, да бидат избирани за членови во Сенатот и се изразува сомневање од страна на министерот и поедини говорници, дали Сенатот има легитимитет или нема. Ние не можеме да видиме дали после укажувањето се комплетирала документацијата која не постоела и дали професорите со тој акт, формално правно имаат право да бидат членови на Сенатот.

Понатаму стои: “министерот надлежен за работите на високото образование, пред да донесе решение, може да ја предупреди

високообразовната установа за отстранување на незаконитоста". Не видов таков писмен акт и првиот пат кога била испратена една екипа од страна на Министерството, дали министерот ги предупредува, пред да преземе било какви дејства, да ги отстранат приложените аномалии.

Понатаму стои: "ако високообразовната установа во определен рок не постапи според укажувањата од ставот 1 на овој член и ако со укажувањето на незаконитоста во работењето битно се повредува овој Закон, министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за привремено запирање со работа на високообразовната установа и за тоа го известува основачот". Ви се молам, законодавецот точно дефинирал одредени состојби, како министерот треба да постапи. Никаде не пишува дека треба да започне со разрешување на органите на управувањето. Во решението во кое го разрешува ректорот на Државниот универзитет, се повикува на член 68 став 3 од Законот за високо образование во кој стои: "ректорот може на начин и под услови утврдени со Статутот на Универзитетот, да биде разрешен пред истекот на времето за кое е избран". Прво, во претходниот член каде се наведени надлежностите на Сенатот, во тие надлежности стои дека го избира и го разрешува, според Статутот на Универзитетот, Сенатот. Ако министерот го искористил овој член, не може да користи статут на институцијата за да разреши орган на управување. Може да користи закон. Значи, решението кое го има дадено е потполно законски невалидно.

Во овој пасус на членот се поставува прашањето кое мојот колега Китановски веќе го праша. Зошто основачот, т.е. Собранието на Република Македонија, ако не на пленарна седница, или секој пратеник на писмено не биде известен за овие дејствија, зошто барем Собраниската комисија, која според Деловникот е надлежна да ги следи активностите и во делот на високото образование, не е удостоена со информација. Напротив, неколку пати е барана средба на Комисијата со министерот надлежен за работите и во високото образование, да се отвори дискусија за состојбите во високото образование, но до таа средба, за жал, не е дојдено.

"Министерот надлежен за работите на високото образование, пред да донесе решение за привремено запирање со работа на високообразовната установа, ќе побара мислење од Одборот за акредитација". Значи, и ако пристапел кон некој чин за разрешување на состојбите, законодавецот јасно стави механизам на кој орган да се обрати. Одборот за акредитација си има свои надлежности дефинирани во Законот. Не би сакал да одземам време да ги читам тие членови во кои е дефиниран статусот на Одборот за акредитација, исклучително важна институција која треба да работи самостојно и експертски. Токму и нашата констатација во делот на третманот на министерот кон ова тело ја потврдува констатацијата изречена на почетокот на моето обраќање за еклатантно кршење на одредбите на Законот за високо образование во повеќе сегменти. Одборот за акредитација не работи подолго време, 4 члена, претставници од Владата, се заменети, иако во Законот прецизно стои одредба дека нивниот мандат е 4 години и не може да бидат отповикани пред истекот на овој период, на тој мандат даден во Законот.

Претседателот на Одборот за акредитација во неколку наврати се обидел, барем во контакт со него беше потврдено ова сознание, да има средба со министерот на која ќе укаже на кршење на поголем дел на одредбите од Законот за високо образование. Од непознати причини министерот не сака да комуницира ни со претседателот ни со Одборот за акредитација. Тоа на подолг временски период ќе донесе големи проблеми во сегментот на високото образование. Не зборувам за Тетовскиот универзитет. Зборувам за сите универзитети на територијата на Република Македонија, бидејќи сите нови студиски програми кои имаат намера да ги дадат во процедура за дополнителна акредитација, не се во можност да ги дадат.

За брзо време, значи март/април ќе има нов конкурс запишување на студенти. Универзитетите прашуваат дали согласно со потпишаната Болоњска декларација треба да ги продолжат реформите, согласно со динамиката која е утврдена во агендата на Советот на Европа и дали е потребно да бидат опфатени студиски програми кои ќе се усогласат со европските и светските трендови и кој ќе даде зелено светло на тие реформи. Во овој момент имаме потполно нарушување на динамиката на активности на еден исклучително важен орган, Одборот за акредитација.

Освен во сегментот на високото образование, ние имаме и други забелешки кои најверојатно ќе можеме да ги елаборираме после поднесената иницијатива и за измени на законите за основно и за средно образование, но и во делот на измените на Уставот во кој се најавува задолжително средно образование.

Прашањето за одлагање на матурата е проблематично, бидејќи матурата претставува еден одличен инструмент за контрола на квалитетот на образовниот процес во доменот на средното образование. Сите неопходни подготовки во целосен обем беа направени. Прашањето за одлагање на овој исклучително важен инструмент, навистина лебди во воздух. Не добивме целосен одговор, освен формулација дека биле извршени недоволни и нецелосни подготовки за да стартува со закон овој инструмент. Тука, исто така го поставувам прашањето за манирот на работењето на Владата. Носи одлука за укинување на една активност која е дефинирана со закон. Мислам дека со тоа се прави одредена девалвација и на Законодавниот дом, бидејќи редоследот треба да биде обратен, да се поднесе иницијатива до Собранието за измена на дел на Законот, на тој

член, а потоа да се пристапи кон активности, доколку се усвои новата верзија која сака Владата да ја постигне.

Конечно, би завршил со ова излагање, со констатација дека во досегашните дискусии се фокусираме само на активноста на министерот околу Државниот тетовски универзитет. Да бидеме јасни. Ние ќе поддржуваме секаква иницијатива, секаква активност која води кон отстранување на сите аномалии и недоследности кои ќе бидат воочени во работењето на сите институции, вклучувајќи ги и високообразовните институции, но тоа да биде во рамките на Законот, со механизми дадени и дефинирани во законските решенија, за да се спречи анархија во дејствувањето. Однапред ги отфрламе сите квалификации дека се вклучуваме во некоја фингирана политичка борба помеѓу ДУИ и ДПА, бидејќи нашата интервенција е во друг правец, доследно почитување на Уставот и Законот на Република Македонија. Инсистираме и во иднина ќе инсистираме и очекуваме најмалку од органите и институциите кои први треба да ги имплементираат тие законски решенија, да ги почитуваат додека се на сила. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот, господинот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Тука имам копии од укажувања до Државниот тетовски универзитет.

Првата е 12-3173/4, испратена на 31.5.2005 година, потпишана од министер Азис Положани.

Би сакал да прочитам дел од овие укажувања, каде се вели: "Досегашното консолидирање на овој трет државен универзитет се одвива во позитивна насока и со виден напредок. Меѓутоа воочени се одредени слабости во функционирањето на Универзитетот кои негативно се одразуваат на ефикасноста и успешното функционирање на Универзитетот, а особено недоследност во примената на Законот за високото образование, недоволна ефикасност и ажурност во спроведуваниот член 198 од Законот за високо образование, недоволна отвореност и соработка со Министерството за образование и другите државни органи со универзитетите и другите институции. Оттука укажуваме дека е потребно Универзитетот најитно да преземе соодветни мерки и активности со цел да ги отстрани наведените недостатоци во своето работење и да се заложи за целосно придржување кон Законот за високо образование и другите прописи, почитување на укажувањата на Министерството за образование и наука и другите надлежни органи и институции, како и воспоставување на поголема соработка и отвореност кон институциите. Очекуваме Универзитетот најитно да преземе соодветни мерки и активности и за преземеното веднаш да бидеме известени". Министер Азис Положани.

Тој е со датум 31.5.2005 година. Значи има повеќе од потребниот законски рок, од членот 181, кој не може да биде помал од 6 месеци. Претседателе, барам овие копии после да им се поделат на пратениците.

Имам едно известување потпишано од заменик министерот Тале Герамитчиоски, ќе го прочитам:

"Во врска со вашиот акт под горниот број што се однесува на вашето барање, (тој број 23.09.2005 година) за проширување на квотите за запишување на студенти на прва година на студии во учебната 2005/2006 година, ве известуваме за следното:

Министерството за образование и наука го одобрува барањето на Државниот универзитет во Тетово, во рамките на реализацијата на конкурсот за запишување студенти во прва година на студии во учебната 2005/2006 година да се прошират квотите за студиските програми- Правни студии за 100 студенти, Англиски јазик и литература за 50 студенти, и Педагогија и Психологија за по 50 кандидати.

Во смисла на прераспределба на слободните места од другите насоки што не се пополнети во првиот и вториот уписен рок, при тоа вкупниот број на студенти, запишани на Државниот универзитет во Тетово да не го надминува бројот утврден со Одлуката на Владата на Република Македонија".

Има друго укажување, бидејќи спомнав дека воа известување се однесува и за Педагогија, а во едно друго укажување се работи за укажување во кое се вели да не се запишуваат студенти во неакредтирани студиски програми, од истото Министерство, само овој пат потпишан од министерот, а не од заменикот.

"Министерството за образование и наука ве известува дека во Конкурсот за запишување нови студенти на академската година 2006/2007 година објавен во весникот "факти" и "Дневник", од страна на Државниот универзитет во Тетово јавноста е информирана дека запишувате нови студенти покрај другите акредитирани студиски програми и на Студиската програма за одделенска настава и предучилишно воспитување, што сеуште не се акредитирани од Одборот за акредитација".

Ова е само дел од тоа укажување.

Друго укажување од 27.07.2005 година, кое гласи: "Ве известуваме дека, со оглед на тоа што на Државниот универзитет во Тетово не се изведуваат студиски програми по Фармација, овој Универзитет не може да издава потврди за завршени студии по Фармација.

Затоа укажуваме дека е потребно доследно да се почитува членот 198 од Законот за високо образование и издадените потврди од Државниот универзитет во Тетово за завршени студии по фармација, издадени на поединени лица, под итно да бидат повлечени до завршувањето на постапката за акредитација на студиските програми, што е во роцедура пред Одборот за акредитација".

Почитувани пратеници,

Сметам дека, според датумите на укажувањата што се испратени, а кои се повеќе од шест месеци, има година ипол, според укажувањата или тоа за што биле тие укажувања, тие неправилности што уште не биле решени, мислам дека овие документи треба да се поделат на пратениците и ќе придонесат за подобро објаснување дека процедурите се почитувале до крај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега одиме со репликите на дискусијата на тале Герамитчиоски. Тука се пријавени за реплика.

Димеска Катерина, за реплика или не? За реплика.

Значи, Димеска Катерина три минути, со право на контра реплика на Тале Герамитчиоски. Потоа Агим Рамадани реплика на Тале Герамитчиоски со право на контра реплика на Герамитчиоски. Потоа следните реплики.

Реплика има Димеска Катерина, повелете три минути, на излагањето на Тале Герамитчиоски. Не може да помине без реплика. Повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Реплицирам на господинот Герамитчиоски и се надевам дека овој пат навистина ќе ме разбере во кој дел се однесува мојата реплика, затоа што барем до сега, кога му имам реплицирано, не ме разбира. Се надевам ќе се потруди овој пат.

Сакам да кажам дека од неговото излагање се виде дека солидно ги разработил членовите од Законот за високо образование што ја уредуваат работата на Универзитетот. Неговата дискусија на крајот заврши со зборовите дека сака доследно почитување на Уставот и законите.

Почитуван колега Герамитчиоски,

Дали како универзитетски професор, како екс заменик министер се залагавте за доследно почитување на Законот, за доследно почитување на Уставот тогаш кога ја имавте таа ингеренција и тогаш кога се беше во ваши раце? Имено, и сега во излагањето на министерот видовме за укажувањата што до вас биле давани, по однос на вашето работење и вашите одлуки што сте ги донесувале како заменик министер. Уредбите што во Законот се со членовите 10,12,67,што се спомнати во Предлогот за интерпелација, ги имаме пред нас. Ги прочитавме и ние тие одредби и уредби што ја уредуваат содржината и заштитата на автономијата во членот 10, во членот 12 автономија на управувањето, потоа во членот 67 надлежност на Сенатот. Мислам дека немаше потреба така уредно да ни ги прочитате.

Меѓутоа, сакам да кажам нешто друго. Ме интересира дали фактите што вчера ги слушнавме овде од оваа говорница од господинот Ружди Матоши за вас, пак ќе кажам како универзитетски професор значат почитување на законот и почитување на Уставот? Дали фактите од многу други дискутанти што претходно беа искажани исто така за вас значат почитување на законот и Уставот? Кажавте дека со одлуката што ја донел министерот е направено грубо кршење на Законот при обид да ја разреши состојбата на Државниот универзитет во Тетово и дека јавноста била вознемирена од тој чин, а вие пак сте биле многу загрижени. меѓутоа, во иницијативата за интерпелација не се наведува во што се состои повредата на Уставот на Република Македонија? Укажувањата значат само евентуално сомневање, а не факти за повреда на обврските на министерот за образование. Јас би рекла дека оваа иницијатива може да се третира само како сомнеж...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

**Катерина Димеска:** ... а не како утврдени факти за сторена повреда на Уставот и законите и не може да се земе...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Катерина Димеска:** ... како иницијатива за покренување на прашањето за одговорност на министерот...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

Контра реплика има Герамитчиоски Тале, една минута, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Со колешката не се разбираме, бидејќи таа треба да се јавува за дискусија а не за реплика.

Навистина, навистина ништо не било во мои раце. Се било во рамките на закон и надлежности што ги дава законот.

За она што министерот го прочита, а јас сум го потпишал, ќе реплицирам тогаш кога ќе му реплицирам нему, кога ќе ми дадете збор.

А за она што таа го кажа, навистина не се разбираме. Ние не навлегуваме во тоа што постои на Државниот универзитет во Тетово. Ние зборуваме за почитување на сите оние моменти што законот му ги дал на министерот да постапува по такви состојби.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика Агим Рамадани на излагањето на Герамитчиоски, три минути.

**Агим Рамадани:** Немопј да бришеш, ова е реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, реплика. Три минути реплика.

**Агим Рамадани:** Добро. Преескa ме спуштивте подолу, сега за прв пат зборувам во ова Собрание.

Ве поздравувам сите.

Ќе се обратам на македонски јазик, поради тоа што оние кои ме пратиле тука треба да ме слушаат на албански јазик. Но, за жал, тоа не го слушаат. И, наместо да слушаат на македонски од друг, нека слушаат од мене. Кога ќе биде албански, тогаш ќе зборувам на албански. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, сакав да се вклучам во оваа дискусија со редовното пријавување, меѓутоа ме иритираше говорот на господинот заменик министер за образование, господинот Тале

Герамитчиоски на кого устата му е полна со закон, закон, правила, правила, и на крај исто така уста полна со анархија.

Господине заменик министре бивши, ќе ви поставам две прашања, прости, но многу концизни:

Каде бевте Вие кога преку седмиот месец се обраќаше ректорот на Државниот универзитет во Тетовон со допис до Министерството за внатрешни работи и укажуваше за неправилностите што ги согледал тој по однос на фалсификувани дипломи. Тогаш уште бевте заменик министер, тогаш уште ја имавте власта, тогаш, иако беа изборите, иако беше јасно дека ги губите, вие не делувавте. Односно, не делувавте и на почетокот кога имавте донесено Одлука за основање на Државниот универзитет во Тетово, кој Универзитет уште од почетокот ви тргна наопачки.

Зошто го велам ова? Вие, цело време молчевте. Во нашиот народ има една поговорка “Немој да го прашуваш, самиот ќе ти каже”. Денеска самиот ни кажавте што била вашата крајна намера со тоа што не реагиравте на време да го затворите. А ние, го спроведуваме законот. За криминалот имаме минимално, односно нула толеранција. Во таа мерка, што ние на албански велиме нула толеранција нема да дозвиолиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имате ли контрареплика? Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Ќе почнам од вториот дел. Ако ние сакавме да го затвориме Државниот универзитет во Тетово, немаше да учествуваме во неговото отворање. Мислам дека пратеникот извлекува многу погрешни констатации.

Второ, имам впечаток дека Државниот универзитет во Тетово е направен за нас Македонците, па ние треба да се расправаме или се направи според оние заложби за имплементација на Рамковниот договор за остварување на правата на албанската популација.

Уште повеќе, не би сакал да зборувам и да елаборирам кои се правата, кои се обврските што се должност на заменикот министер во функционирањето на Министерството и како тоа се остварува по закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Секуловска Мирјана, реплика, три минути.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика се однесува на господинот Тале Герамитчиоски. На почетокот ќе кажам дека го почитувам како колега, мој универзитетски професор и мојата реплика го исклучува тој професионален дел, туку ќе реплицирам во однос на неговата функција екс заменик министер за образование.

Основната грешка на претходното Министерство за образование, министерот и екс заменикот на министер за образование е самиот чин на отворање на универзитет, што, како што гледаме не ги има исполнето основните предуслови за истиот да се основа, да се формира. Тука е основната грешка што ја направило претходното Министерство. Оттука, имам едно директно прашање до пратеникот господинот Тале Герамитчиоски:

Зошто тој, во неговиот мандат не ги презел потребните законски активности за да го спречи противзаконското функционирање на Универзитетот. Во врска со тоа, дали тоа значи дека, доколку повторно ја добиеја довербата од граѓаните и доколку повторно беше избран за заменик министер за образование, ќе го поддржуваше и понатаму криминалното и коруптивното работење на Универзитетот, бидејќи во врска со последново имаме аргументирани докази поднесени од надлежните органи при Министерството за образование. Или пак важи онаа народната “Нападот е најдобра одбрана”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика Герамитчиоски Тале, една минута, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Бидејќи сте претставник на Новата социјалдемократска партија, со ова се потврдија нашите сомнежи дека НСДП што и во минатото не стоела зад ниту едно законско решение што одеше во насока на имплементација на Рамковниот договор, сега бара алиби и се потврдува уште еднаш, е сега дали е тоа политика на Владата и колку тие учествуваат во креирањето на политиката на Владата во таквите намери, времето ќе покаже. Но, очигледно е дека тие, со своите несогласувања и натаму опстојуват на тоа решение. Во минатиот состав, Министерството не го отвори Државниот универзитет во Тетово, туку тоа го отвори Собранието на Република Македонија преку усвојување на Закон за Државниот универзитет во Тетово.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Молам, да видиме сега кој уште имаше реплика во однос на зборот на Герамитчиоски Тале.

Ве молам, овде нема место, па затоа мораме да одиме вака.

Повелете, па потоа ќе го заокружиме списокот на оние кои бараат реплика на дискусијата на миистерот.

Има реплика Авировиќ Владанка, три минути, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Исто така би му реплицирала, немав намера по два пати да се јавам за реплика, меѓутоа ме испровоцира дискусијата на господинот Тале Герамитчиоски и би реплицирала во овој дел и би го прашала колегата.

Вие, господине Тале, како екс министер, заменик министер за образование, како тоа сега знаете да ги толкувате и читате законите и да кажете дека,

доколку имало аномалии, тоа треба по законски ред да се отстранат истите.

Во мојава дискусија и реплика би ви кажала, како тоа за вашиот мандат не успеавте ниту еднаш да влезете со Инспекторатот и да ги утврдите овие аномалии за време на вашиот мандат? Зарем на чувствувате морална одговорност во врска со непостапувањето затоа што непостапувањето во вашиот мандат значи ваша одговорност.

Во тој контекст би ве запрашала да кажете што мислите за утврдената ништавност во поглед на одлуките на Сенатот од страна на Државниот инспекторат, на тоа што во вашиот мандат не го утврдивте? Ако од 14 члена 12 членови се од Сенатот нелегално избрани, како тоа вие сега го толкувате, дали овој Универзитет е легален и дали има автономија или нема. Ако Државниот инспекторат утврдил незаконитост и ништавност на одлуките, како тоа сега вие го толкувате? Баш би била заинтересирана да го слушнам вашиот одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика Тале Герамитчиоски, ако имате.

**Тале Герамитчиоски:** Има, има, како немам.

Почитувана колешке, интерпелацијата не е за Тале Герамитчиоски. Интерпелацијата е за министерот. Тоа е прво.

Второ, овде бидејќи јас сум опозиција, јас ќе ве прашувам вас, бидејќи вие сте претставници на владеачката структура. Ако ние сме направиле некои грешки, нас гласачите не казниле. Ние сме ја изгубиле довербата. Не сме повеќе на власт, Ајде сега да видиме вие, со вашите грешки, како ќе ги исправите нашите грешки што ние сме ги направиле.

Мислам дека е депласирано да се навлегува во проглематика што колешката, навистина, не ја познава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дозволете сега да направиме точен список на пратениците што бараат реплика на излагањето на министерот. Повелете, јавувајте се.

Тале Герамитчиоски, потоа Азис Положани.

(Една пратеничка бара реплика на дискусијата на Тале Герамитчиоски).

Не, не. Тој циклус го завршивме. Жалам, го завршивме тој циклус. Сега составуваме список за оние кои бараат реплика на излагањето на министерот.

Значи, по редослед се: Тале Герамитчиоски, Азис Положани, Славица Грковска, Никола Поповски.

Мораме вака, бидејќи на списокот нема место.

Добро, добро.

Сега, пред да дадам пауза за ручек, сакам да ве известам дека по однос на оваа информација што ја добивме од господинот Агим Рамадани дека не се слуша албанскиот на телевизија, ова е прва и непроверена информација што ја добив во меѓувреме, сега интервенирав, е дека имало штрајк во МТВ на преведувачите на албански јазик. Но, тоа е непроверено, добиено по телефон. За време на паузата ќе се потрудам да добијам порелевантна информација во однос на ва.

Сега давам пауза за ручек до 15,00 часот, кога ќе започнеме со репликите, со пријавените за реплики на дискусијата на министерот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15, 04 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Започнуваме со пратениците кои беа пријавени за реплики на министерот.

Никола Поповски, има реплика, три минути повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе, репликата ќе биде пократка од три минути.

Вчера не успеав да го слушнам воведното излагање, меѓутоа, стенограмот што ни го поделивте го прочитав мошне внимателно, што го има поднесено господинот Рушити, денеска ја слушав репликата односно неговиот говор по излагањето на Тале Герамитчиоски.

Тоа што мислам дека е проблем, чувствувам една леснотија на однесувањето кај господинот Рушити, што ме загрижува, една леснотија во однесувањето во овој случај иако бевме сведоци во изминатите два три месеци од стручната јавност, од луѓе кои се во Одборот за акредитација на Универзитетот и од другите два универзитети во Република Македонија кои се државни, голема загриженост во врска со постапките.

Јас не спорам дека можеби имало или немало неправилности, ниту поблиску ја следам проблематиката за да сум стручен во таа работа, како што се оние кои посериозно се бавеле со политиката во образованието во Република Македонија, меѓутоа, се плашам дека примерот може да создаде навика односно дека овој пример што така лесно сега се брани и така лесно се овозможува на случајот на Тетовскиот универзитет за кој, дозволете да се изразам во проценти, имам лично чувство барем 50-тина проценти од Одлуката се базира на потреба од политизација заради тоа што една партија го отворила Универзитетот кога била на власт. Меѓутоа, останатите 50%

ме загрижува дека се доволен исказ за да може нешто слично да се направи и на другите универзитети. По мое уверување, во спротивност со Уставот.

Затоа ваквиот чекор некако не ми кореспондира со времето во кое живееме иако господинот Рушити влече аргументација која за мене постои, меѓутоа, е недоволна ова што го објасни како поголема реплика на господинот Тале Герамитчиоски и затоа сум загрижен дека ако ова опстане како систем после тоа другите два

државни универзитети никој нема да може да каже дека на ист начин не можат да се направат ситуации на свој виден упат, како и на Тетовскиот универзитет. Со Законот тие три се изедначени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, министерот има збор.

**Сулејман Рушити:** Почитуван пратеник, сметам дека и верувам дека и до вас се доставени материјалите од службата кои укажуваат дека се почитувани процедурите, почитувани се роковите и уште еднаш сакам да се фокусира вниманието на тоа што на Тетовскиот универзитет нема легален сенат. Ако се утврди и на другите универзитети дека има такви случаеви од страна на Просветниот инспекторат сигурно и таму државата ќе преземе мерки, согласно Законот и Уставот.

Сметам дека со релативизација на тој клучен елемент како што е Сенатот дека се можело две години да функционира без Сенат и без органи и никој да не преземе одговорност за тоа што се случило, а поради таквата состојба каде не постоеле органи ги имаме овие аномалии кои се веќе констатирани и од ревизијата и од страна на МВР и од страна на Државниот просветен инспекторат, мислам дека треба добро да се анализира дека процедурата е до крај испочитувана. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе,

Почитуван господине министер, јас би реплицирал на два дела од вашето пружање на реплика по моето излагање.

Првиот дел се однесува на она кое вие го потенциравте дека сум го потпишал како документ. Документот е известување кое е во рамките на надлежностите кои Владата ги има дадено секогаш на прераспределба на квотата на студентите за секоја високообразовна институција со напомена дека не треба да излегуваме надвор од рамките односно од вкупната бројка на студенти.

Ако алудирате на педагогија и психологија, така разбрав, таа студиска програма има акредитација. Немаше акредитација одделенска и претшколска настава и тоа никаде не е спомнато. Впрочем, министер сте, самите знаете дека овие известувања ги подготвуваат стручните правни служби-професионалци кои се упатени во тие процеси, а документите со проверка сум ги потпишал затоа што министерот бил отсутен, затоа мене ме напишале.

Второ, во рамките на вашето излагање за сите овие укажувања кои ние како Министерство сме ги испратиле, мислам дека никој не ви бранел да ги употребите сите механизми кои ви ги дава Законот на располагање да постапите по тие укажувања кои внимателно ги прочитав и ние сме ги потенцирале дека како аномалии постојат и сме чекале возвратно од нивна страна да видиме како ќе се прилагодат на законските решенија односно ќе ги отстранат оние недостатоци што биле воочени од нивна страна.

Паѓаат во вода констатациите дека ние не сме реагирале како Министерство во тој период на слабостите и недостатоците кои биле воочени. Впрочем, луѓето од Просветниот инспекторат кои сеуште работат како професионалци можете да ги прашате ќе видите дека неколку пати биле испраќани во мисија да ги воочат фактите. Но, имајте во предвид дека станувaше збор за Универзитет во основање, секој универзитетски професор знае колкаво време е потребно една институција да заживее. Не може само на хартија да го ставите тоа, потребно е време за да заживее таа институција и да се појават “детски болести” на почетокот, секако.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете министре.

**Сулејман Рушити:** Сакам само на последниот дел од репликата на почитуваниот пратеник да му кажам дека вие сакате да тврдите дека нема доволен број професори кои можат да бидат вработени и да ја подобруваат состојбата таму.

Од страна на Инспекторатот имаме цврсти докази дека на тој Универзитет биле арбитрарно избркани голем број професори кои биле и основачи од првиот ден на тогаш нелегалниот, а после во 2004 година биле истерани од работа професори чии имиња стојат во документите со кои се акредитирани некои од факултетите.

Значи, не стои тоа дека вие сте ги презеле сите законски мерки, но немало доволн број на професори.

Мислам дека не треба да се заборава, почитуван пратеник, кога сте заменик министер или министер имате одговорност, па ако ги изгубите изборите, немате одговорност. Одговорноста е на сите и на вас и на мене која ја имаме пред законите. Тука треба да се разговара дали се почитувани законите.

Сметам дека ако укажувањето е испратено во 2005 година и ништо од страна на тогашното Министерство не било преземено тие нерегуларности да се елиминираат, тогаш со Законот одговорноста ја сноси Министерството, министерот и заменик министерот во тој случај.

Добро е да не ги превртуваме тезите и слободно да ги толкуваме законските одредби и Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Азис Положани, повелете три минути.

**Азис Положани:** Благодарам.

Јас се согласувам со тоа да не ги превртуваме тезите, бидејки бев спомнат на два три пати, сега и со документите, сакам во оваа прилика кратко да кажам дека тоа што сега министерот достави аргумент дека во подолг период се направени укажувања за пософдветно работење и исполнување на обврските на тој Универзитет, како и на сите други универзитети во Македонија

покажува само едно, дека Министерството ја извршила својата законска обврска и водела контрола и на тој Универзитет. Сигурно дека во тој Универзитет имаше повеќе пробелми поради историјата како се создаде, требаше да се помогне, почесто да се контролира, како што сега прави Министерството и добро е што го прави, но и тие документи, вклучително и ревизијата за финансиската работа која во времето на таа Влада беше појдена таму, можеа, зошто да не, да бидат во служба на покренување на постапка како што е предвидено со Закон да се разгледаат состојбите таму и да се преземат чекори, согласно Законот.

Тука ние не сме во заштита на тоа, туку како ингеренции му следуваат на Министерството и на министерот да ги следи. Тука сме за да ја дискутираме незаконитоста на решавање на состојбите и кога се такви со процедура која не е предвидена со Закон.

Значи, овие документи докажуваат за некој кој тука сака да покаже дека таму воопшто не се работело, дека таму секој си правел што сакал и за тоа никој не реагирал. Со укажувањата тоа се докажува.

Друга работа, конкретно за да не се злоупотреби и да биде појасно. Поврзано со забелешките од 2005 година, точно е, како и за сите други забелешки има образложение, поврзано е со реализацијата на членот 198 за моментот на трансфер на студентите од Тетовскиот универзитет во Државниот универзитет. Времето беше крајот на 2005-та, тоа тие го постигнаа, а за тие кои не го постигнаа поради други причини не успеаа да се трансферираат во тој период, за нив се губи шансата. Упатувањето и укажувањето е да се побрза, да бидат поажурни, да бидат поефективни затоа што рокот, според Законот за високото образование поминува на крајот на декември. Да не бидат причина за да некои студенти останат надвор од оваа можност, а за тие што остануваат сигурно дека легализацијата на истите или трансферот нема да важи.

За другите работи ќе кажам кога ќе земам збор. Овој пат толку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине министре.

**Сулејман Рушити:** Доставената документација и другите документи што ги поседувам ќе бидат доставени до пратениците, по потреба. Точно е дека се укажувало на неправилностите, но тие не биле отстранети. Ние не можеме да делуваме над Законот и да поставуваме нови временски лимити, туку тие постојат во Законот. Тие се пречекорени два и повеќе пати и затоа сметам дека само со едно укажување за исправноста на неправилностите, а да не се преземат чекори, тоа значи дека таму стои одговорноста.

За другите документации кои докажуваат за неправилностите и кои докажуваат дека не била преземена активност за исправка на тие нерпавилности, ќе ги доставам на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Славица Грковска, три минути, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Она што ме загрижува е упорното инсистирање да се фокусираме на она што го добиваме како Извештај од Државниот инспекторат, сакам да укажам дека сега не го разгледуваме Извештајот на Инспекторатот и не разгледуваме извештај за работењето на Тетовскиот универзитет.

До колку директорот на Државниот просветен инспекторат се одзва на барањето на Комисијата за образование, наука и спорт наместо да го крие Извештајот кој го направил Инспекторатот, да го достави на Комисијата и Комисијата да расправа по него, тогаш ќе се фокусиравме на таква расправа.

Сега сме во позиција да дискутираме како Владата пристапи кон решавање на одредени проблеми кои се лоцирани во еден државен универзитет. Јас се прашувам каква ќе беше расправата тука во ова Собрание до колку истото за што зборуваме денеска се случеше на друг државен универзитет и дали ќе беше исто.

Меѓутоа министре, нема изговор за кршење на Уставот и законите. До колку некој го прекршил Законот, тогаш вие сте тие, меѓутоа, согласно Уставот и законите да инсистирате тие да се почитуваа, а не вие и Владата да ги кршите.

Нема ниту еден член во Законот за високо образование во кој стои дека министерот или Владата можат да го разрешат ректорот на Државниот универзитет.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, повелете министре.

**Сулејман Рушити:** Точно е дека вие добивте документи и извештај од Државниот просветен инспекторат, бидејќи тој е механизмот кој ги утврдува неправилностите. Точно е и дека добивте аргументација од архивата на Министерството за образование и наука за укажувањата испратени од страна на Министерството. Тоа се документите врз кои се базира натамошната работа на секој министер. Со тоа, ако ги прочитате и хронолошки ги анализирате постапките, и самите ќе се уверите дека е почитувана процедурата од страна на министерот и од страна на Владата во врска со разрешувањето на овој проблем со Државниот универзитет во Тетово. Ако доволно се анализира дека нелегален Сенат избира Ректор, не може Ректорот да биде легален ако е избран од нелегален Сенат. Точно е дека вие сакате уште еднаш да анализираме и дебатираме, но мислам дека треба внимателно да се следи целата документација и сметам дека имате право како пратеник да побарате дополнителни документи и документација, за што стојам на располагање и ќе ви ги доставам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овде го завршуваме и овој циклус на дебата по реплики и контрареплики.

Пред да продолжам со генералната дебата, дозволете ми да ве известам и да ви дадам кратка информација. Ве молам да не отвораме дебата, иако прашањето е деликатно, а се однесува на Собранискиот канал, односно отсуството на албанскиот сигнал од нашава седница. Се работи за она што ве известив. Ние ќе преземеме две мерки. Едната е административна и уште во понеделник Собранискиот канал кој сега добива се понови и понови задачи ќе го ставиме под директна контрола на еден од новоизбраните потпретседатели и Советот, за да оди промптно и подобро да функционира административно.

Меѓутоа, во прашање е еден дефект, односно не дефект туку бај-пас што треба да се направи за да дојде сигналот до гледачите. Ќе се обидеме преводот да го решиме со нашите преведувачи овде, со тоа евентуално ќе вработиме само уште еден човек кој преку телефонски кабел ќе има линк со телевизијата за да може тој албански канал да дојде. Се разбира, тоа е амбулантно решение, тоа решение ангажира извесни финансиски средства, но додека не дојде до генералното решение, така ќе го решиме и мислам дека тоа ќе бие брзо.

Благодарам.

Продолжуваме со дебатата.

Има збор Јакупи Зумрете. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам господине Љубиша Георгиевски.

Почитувани пратеници, денес на дневен ред е инерпелацијата на министерот за образование и наука господинот Сулејман Рушити, кој со својата постапка интервенирајќи во автономијата на Државниот универзитет во Тетово го прекрши Уставот и законот. На овој начин, околу оваа негова постапка се произнеле и многу други експерти и политички аналитичари, со што ја осудиле оваа неуставна и незаконска интервенцијај во автономијата на Унвиерзитетот кој е заштитен со закон. Едно од произнесувањата е и произнесувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата, која се обраќа до Собранието на РМ и до претседателот на Собранието, до господинот Љубиша Георгиевски со иницијатива да се преземат мерки од страна на Собранието на РМ, во врска со кршењето на Уставот и законите од страна на министерот за образование и од страна на Владата на РМ во областа на образованието. Државната комисија за спречување на корупцијата, потсетувајќи на основните начела на законот против корупцијата, укажува и бара Собранието да преземе мерки во насока на почитувањето на Уставот и законите, нагласувајќи дека уништување за разрешувањето на членовите на Одборот за акредитација, како и решението за разрешувањето на Ректорот надвор од законската надлежност и решението за именување нов Ректор надвор од редот на вработените е повреда и тешко прекршување на Уставот и законите. Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека министерот за образование господинот Сулејман Рушити и Владата ги прекршиле начелата на владение на правото, како и начелото на функционирањето на демократијата и правната држава. Оваа комисија на дециден начин ги анализира и констатира кои законски и уставни одредби се повредени, па се спомнува членот 81 став 1 од Уставот на Република Македонија и членот 58 од Уставот каде исто така се прекршени и одредбите од Законот за високо образование. Во овој случај, со овој закон се гарантира и автономијата на универзитети, утврдено и јасно од членот 10 до членот 14 од истиот закон.

Исто така, оваа комисија има констатирано дека повредата на Сенатот на Државниот универзитет во Тетово е еден орган кој го именува и разрешува Ректорот од редот на вработените, а исто така Државната комисија го цитира и членот 57 од Законот за високо образование, каде се утврдува и укажува јасно правото на министерот за високо образование.

Сакам да подвлечам дека во Собранието треба да разгледуваме и преземеме мерки и на тој начин да го дадеме потребниот придонес, законските повреди од било кој и од било која институција да се осудат од надлежните органи, затоа што сите ние сме должни да го почитуваме Уставот и законите и на овој начин во овој случај одговорност сноси и Владата и актуелниот министер, затоа што го повредиле Законот и Уставот. Интересот на граѓаните е во Република Македонија да се почитуваат законите и Уставот. Од друга страна, било кој што ќе го прекрши законот и Уставот, да сноси одговорност за тоа. Со тоа се создаде чувство кај нашите граѓани дека ние сме на добар пат за функционирање на правната држава.

На крајот, барам господинот Сулејман Рушити, значи министерот за образование и наука, децидно да го цитира законот кој ги поддржува неговите одредби за разрешување и именување на Ректорот.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за образование и наука. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Неколку пати некои пратеници се повикуваа на изјави од некои експерти и од Агенцијата за антикорупција.

Прво, многу сум задоволен што Комисијата за спречување на корупцијата сите други случаи во државата ги решила, па остана само случајот на министерот за образование.

Второ, очигледно е дека тие експерти и таа Антикорупциска комисија ги немаа овие факти и аргументи кои ги поседуваат пратениците. Според тоа, сметам дека тие секогаш можат, односно таа документација е достапна за сите експерти и за Антикорупциската комисија. Тоа е всушност и нивно право и обврска и за тоа сметам дека треба се повикуваме на конкретните

аргументи и факти, а не на некои телевизиски изјави на некои експерти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Дулиќ Благородна.

Повелете три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Внимателно ги слушам, условно реченом, двете страни, оние кои се залагаат за процедурата и оние кои што. . .

(Пратеник бара контрареплика)

**Љубиша Георгиевски:** Министерот има право на збор во оној час кога ќе го побара и министерот доби збор, не доби реплика за да може контрареплика да барате.

Имате право на реплика. Пратеничката Зумрете Јакупи реплика три минути.

**Зумрете Јакупи:** Јас не барам ништо друго или друго образложение, туку барам господинот министер да го цитира децидно законот кој ги поддржува неговите одлуки за именување и разрешување на Ректорот.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Уште еднаш ќе повторам. Акко некој Сенат во кој членуваат само двајца членови кои ги исполнуваат законските услови донесува одлуки, тоа значи дека тоа е нивно граѓанско право некого да назначат Ректор. Се согласувам дека нема закон и не можам да цитирам ни еден закон за разрешување на физичко лице кое се смета цело време за Ректор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дулиќ Благородна има реплика три минути на излагањето на Зумрете Јакупи.

**Благородна Дулиќ:** Внимателно ги слушам двете условно кажано спротивставени страни, со тоа што едната чисто држи до процедурата, а другата страна предност дава на суштината и повредите кои биле направени на Државниот универзиет во Тетово. Додека ние расправаме за тоа дали е постара кокошката или јајцето, сметам дека основно што му се става на товар на министерот согласно позитивните прописи е што не презел мерки за затворање на Државниот универзитет во Тетово според она што го цитираше токму господинот Тале Герамитчиоски. Меѓутоа, сметам дека во целата расправа страда некој трет, а тоа е токму Државниот универзитет во Тетово, студентите кои се на овој универзитет, оние кадри кои излегле од овој универзитет и оние кои допрва ќе бидат на овој универзитет. И наместо да допуштиме таму да се средат работите, ние ги заоструваме работите понатаму, за да одиме во длабочина и очекувам, како што ќе се заострува дискусијата, ќе слушнеме и многу други неправилности кои се случувале на овој универзитет, а што ќе биде на штета на самиот универзитет.

Затоа, ги молам сите дискутанти ова пред се да го имаат предвид. Мислам дека такво нешто не е во корист ни на иницијаторите на интерпелацијата, па според тоа, навистина ги повикувам сите добро да резмислат во која насока ни одат дискусиите и последиците што можат да настанат од тоа.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за Јакупи Зумрете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Доколку го штитите господинот министер, тогаш цитирајте го членот кој го разрешува Ректорот, за тоа што не говориме за едно физичко лице, бидејќи сите дипломи кои се потпишани од ова лице - не е само физичко лице ова лице - сето ова се отфрла и дипломите не се валидни. Се говори за еден Ректор кој има голема важност и за кој се говори во овој случај.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Само да дообјаснам нешто. Постојат во законот и во Статутот одредени норми и за тоа што пратеничката сега го спомна. Сметам дека ние се залагаме пред се да воведеме квалитетно образование и се залагаме да им овозможиме на тие студнети да имаат квалитетно образование.

Уште еднаш ќе повторам, според документите и аргументите и фактите, не може да се нарекува легален ректор човек кој бил именуван од страна на Министерството тогаш и кој не бил избран од страна на еден легален орган, а тоа е Сенатот. Според тоа, мислам дека законот е јасен и дека не се работи за легален ректор, туку се работи за една дружба меѓу двајца или тројца луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Изгледа, имајќи желба да се аргументира нешто што е тешко да се одбрани, што е за жал, сепак се оди во насока на аргументи што веќе не аргументираат, не аргументираат со фактот дали некој е или не е ректор, или дали ќе биде или нема да биде, меѓутоа, да си каже дека еден сенат не е валиден, како што рече еден пратеник тука, да се каже дека е ништовен, тоа значи дека треба да кажеш за еден универзитет дека е ништовен и да кажеш за се што се случувало во ова време таму со сите пропусти и грешки што се случиле, за што ингеренции има министерот, тој треба да ги разгледа сите прашања и да ги декларира како ништовни, меѓутоа, за тоа не важи. Да се заштити нешто што навистина не може да се одбрани, да се оди толку далеку и да се каже дека е ништовен Сенатот, аналогно значи дека е ништовно се што е поврзано со таа институција. Таа институција доволно време била неофицијална и добро е да се користат други аргументи.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине министре, имате збор.

**Сулејман Руштити:** Благодарам.

По се изгледа се појавува една желба и на екс министерот да се фокусира вниманието на тоа да се заколнат или членот 181 во другите алинеи да се почитува и да се затвори Универзитетот, да кажам дека ние немаме намера да го затвориме Универзитетот, а одговорноста што тој Сенат бил нелегален и незаконски не спаѓа кај мене, туку кај вас господине. Сметам дека има законски одредби во законот, кои вие сте требале да ги почитувате, да го почитувате Уставот и законот, кои точно дефинираат кој може и смее да биде член на Сенатот. Според тоа, нашата заложба е вработување на нови кадри.

Според тоа, нашата заложба да се формираат органи, тоа значи Сенат, се воведува институционален ред, се воведува критериуми кои ќе им гарантират на студентите да имаат квалитетно образование, како прво. И второ со другите мерки, за отргнување на другите правилности, за неутврдените дипломи кои во народот се викаат фалсификат им се гарантира на тие студенти кои сакаат да студираат, кои имаат право да студираат да не бидат релавитизирани.

Значи, нашата одговорност е директно насочена тие студенти кои имаат право да студираат да им се гарантира квалитетно образование.

Сите други идеи или тенденции ние да го затвораме Универзитетот сметам дека тие желби нема да се исполнат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Трајанов Павле, реплика. Па потоа реплика Садула Дураку. На кого само реплика?

**Павле Трајанов:** На министерот. Почитуван претседателе, почитуван министре, мислам дека пратеничката група на ДУИ отвори едно многу важно прашање, првенствено околу самостојноста на Универзитетот. Јас секогаш би ја бранел самостојноста на Универзитетот и на факултетите. Меѓутоа, овде министерот мислам дека направил огромни напори да ги надмине неповолните состојби. Ние сите треба да дадеме подршка, без разлика на нашата партиска определеност, без разлика на тоа дали преку оваа дискусија ги штитиме некои лични роднински, партиски и други интереси. Дека сето она што го презема Владата и министерот за образование, е во функција на создавање подобри услови за едукација, за образование. Затоа што, многу е битно студентите кои што студираат на овој Универзитет, да се стекнат со звање, сигурно со знаење, а подоцна и со академска титула. Така да, сето она што досега беше презентирано, мислам дека е сосема во ред и треба ние сите како пратеници да дадеме подршка на министерот да ги надмине неповолните состојби. Тоа е во инстерес и на граѓаните, но пред се, во интерес на студентите на Универзитетот во Тетово. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Ви благодарам. Почитувани пратеници со зборовите кои ги кажа Сулејман Рушити дека нема да се затвори тој Универзитет, не дека има сила и моќ Сулејман Рушити и оваа Влада да го затвори овој Универзитет за кој е пролеана и крв, туку за тоа немаат сила да го направат и други кои им мислат лошо на албанската нација и се повикуваат со тоа дека се Албанци. За тоа што сакаат да го заштитат дали Сенатот е легален или не легален, тој со ова самиот себеси се урива и други причини нема бидејќи интервенцијата, што е противуставна и противзаконска, сака да се заштити себеси со своите приказни, кои неговите патрони му ги кажале, дека наводно тој е на таа или на некоја друга партија. Јас ве уверувам сите присутни и сите граѓани дека Универзитетот не припаѓа на ниту една партија, туку им припаѓа на сите наши деца, затоа што за овој Универзитет е даден голем труд и пот. Населението даде и ја има одвоено и корката леб за овој Универзитет и ова население пролеа крв за оваа институција. А за сето ова вина сносат и поранешните пратеници од македонската заедница, додека сега им се приклучува и еден дел од албанската заедница на кои народот не им ја даде довербата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот министер.

**Сулејман Рушити:** Се извинувам на другите пратеници кои ја сфатија пораката. Не утврдувам јас како личност кој може и смее да биде член во Сенатот и кога Сенатот се вика легален. Тоа е утврдено во Законот кој смее и кој може и како се бира Сенат.

Сметам дека понатаму дискусијата би требало да се фокусира врз тоа што е барање од страна на пратениците за интерпелација. Другите митски димензии, национал-романтичарски идеи, мислам дека може друг ден да ги разјасните. Не знам зошто се грижите, кога веќе денеска или утре таму ќе започне јавен конкурс, а јавен конкурс значи да се бират професори, кои ќе ги исполнуваат академските критериуми. Нема да се вработат луѓе по некој клуч непотистички, или партиски. Значи, ќе има јавен конкурс и на тој конкурс смеат сите да конкурираат и доколку ги исполнуваат академските услови, ќе бидат примени. Мислам дека овие чекори не смее никој да ги запира со закани од тој тип сега што беа и слични закани, кои ги имам како министер во последниве денови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Почитуван господин Георгиевски, почитувани пратенички и пратеници, почитуван господине Рушити,

Познатиот мудрец на емпиризмот Франсис Де Кон, во едно од своите дела за емпирискиот процес на признавање, има нешто да каже: "Суверенитетот на човекот стои во неговото знаење". Не случајно почитувани колеги, знаењето го содржи најсилниот столб на суверенитетот и интегритетот на човекот. Само

тие што имаат знаење, знаат колку треба да се учи, за да се знае многу малку. Затоа што само тие што знаат многу, знаат дека таму каде што има знаење, има и многу болка. Затоа што тој што собира знаење го собира и трудот и големиот напор вложен во една работа. Да расправаш за една тема, за еден Универзитет, тоа значи да расправаш за прашање на знаењето, и прашања на познавања, што се универзални прашања на разбирањето на светот. Прашања за кои што расправа учениот свет 2000 години со ред и не секогаш ги наоѓа одговорите, кои што се вистински. Значи, отворената расправа за знаењето и институциите кои што обезбедуваат знаење и учење се главните компоненти на еден демократски свет. Меѓутоа, почитувани колеги, јас сум длабоко разочарана од вчерашната расправа во однос на ова прашање, кое што е универзитетско прашање. Расправа која што извади на виделина ниско ниво на познавање на работите, расправа која што денигрира едно прашање и барање на тогашните Албанци за да имаат универзитети за нас и на албански јазик. Тука години со ред, порано на нивно барање за Универзитет, Албанците од Македонија, појдоа од футористичките мислења, иломинистички мислења на албанските иломинисти засновани врз поговорката дека само светлината на знаењето ќе не води напред.

Вчера не се разговараше за законот, слушајте малку, ова жртвување и албански идеал не го заслужува почитувани колеги ова вулгарно ниво на дискусија. Да, заслужува да не се согласуваме ние и вие. Да, заслужува да ги соочиме нашите аргументи и противаргуменит. Да, заслужува една есенцијална, суштинска расправа. Меѓутоа, универзитетските прашања се малку повеќе од расправа за тетки и тетиновци и се нешто повеќе од муабет со чај попладне. Толкавото демигрирање на еден универзитет не ви служи на чест ниту вам, ниту нам. Меѓутоа, само на студентите на Државниот универзитет во Тетово им создава голема хипотека во нивниот живот, што се однесува на валидноста на нивното знаење и валидноста на добиените дипломи. Ова нешто немате право да го павите ниту вие, немаме право да го правиме ниту ние. Во име на една вистинска, квалитетна расправа, за Државниот универзитет во Тетово, дозволете сега да ги соочам неколку аргументи.

Првиот е зошто ние расправаме за ова прашање? Почитувани колеги, за ова прашање ние расправаме денес, како резултат на директните дискриминирачки и мајоризирачки политики врз албанското образование кои што следат децении со ред. Кога едно барање, праведно барање на Албанците за универзитетско образование се третираше како загрозување на суверенитетот на државата. Така што, прашањата поврзани со високото образование на Албанците се решаваше на дозиран начин. Една доза за четири години, една доза за следните четири години, при тоа, немајќи едно целосно решение и вистинско решение за овие проблеми. Оваа дозирачка политика провоцираше еден наш конфликт внатрешен, кој што за жал, никогаш не го претворивме во академска расправа. Никогаш не го претворивме во една вистинска расправа, туку го претворивме во дебата или расправа, нешто над политичката сопственост на Универзитетот, што го загрозува и те како концептот на Универзитетот.

Ние почитувани колеги, значи ние од опозиционата албанска партија, за жал, не успеавме да изградиме посилни интелектуални капацитети, за една внатрешна универзитетска дебата, а последната цена ја плаќаат нашите студенти. Моите и вашите.

Почитувани колеги, кога велам дека со неговата одлука за разрешување на ректорот на Државниот универзитет во Тетово, господинот Рушити, ја повреди автономијата на Државниот универзитет во Тетово. Ова не го велам за да го штитам или одбранам ректорот на Државниот универзитет во Тетово, не го велам, затоа што немам почит за него. Затоа што немам почит кон оние што не знаат да го чуват интегритетот на институцијата која што ја раководат. Немам почит кон оние што немаат интелектуална смелост да кажат барем два збора, бидејќи ги исфрлаат од канцаларијата на таков начин. Немем почит кон оние интелектуалци кои што потклекнуваат на политичарите, на секојдневата политика, или дневата политика. Затоа што сметам дека интелектуалците треба да знаат малку повеќе од политичарите. И заклучно, немам почит кон оние што не знаат дека за да бидеш на чело на една универзитетска институција, или установа, која е нешто повеќе од било каква друга функција која што може да им се понуди. Тоа е душевна состојба која е највисока, отколку да говориш за шалварите на жените. Затоа, немам почит и кон оние кои што не се во состојба да одразат вредности кон своите студенти. Со мојот денеше збор, пред вас сакам да го одбранам не личниот интегритет на некој, или пак да нападнам некого лично, туку сакам да го одбранам интегритетот на една универзитетска установа, која што се идентификува со албанската желба за Универзитет и универзалните вредности на знаењето. Оваа работа не е работа со која што се тргува. Поаѓајќи од Сократската поговорка дека подобро е да го страдаш, да го трпиш лошото од другиот, отколку да правиш лошо. Сакам да ви кажам господине Рушити дека направивте грешка и направивте лошо со чекорот што го презедовте за Државниот универзитет во Тетово.

Господине Рушити, Сократовото мислење се однесува на човечкото однесување. Во прв ред ја има етичката димензија и тоа повредувањето на автономијата на еден Универзитет. Сакам да ви кажам дека не сте имале ниту законска, ниту етичко право да интервенирате таму. Да ви кажам дека универзитетите со векови биле екстериторијални центри, каде што владееле и поголеми диктатори од вас господине Рушити.

Затоа и се нарекувале универзитатес, што значи една идеална империја на слободата, една идеална империја на проекција на иднината. Имајќи ја предвид оваа иманента, идеологија која се изразувала со векови дека универзитетите се места каде што живеат и работат сите. И оние кои што им пишуваат химни, оди на диктаторите и тие што ги фрлаат на земја со нивните критики. Затоа, поаѓајќи од овие разбирања за Универзитетот, јас очекував да кажете повеќе аргументи во ваша одбрана во вашиот говор. Меѓутоа, напразно. Тоа што го рековте немаше ниту еден аргумент кој што држеше. Очекував аргументи кои се засноваат врз начела. Онтолошки начела, гносеолошки, акцеолошки и етимолошки. Меѓутоа, напразно. Се извинувам за терминологијата која што ја употребувам, меѓутоа мислам дека еден министер, кој што претендира да биде министер и кој што сака да говори за Универзитетот, успеал да ги студира и да ги научи овие термини. Вие го цитиравте член 181 од Законот за високо образование, каде што се вели дека институциите, или установите во кои што се детектираат незаконитости им се остава 6 месечен рок да ги отстранат грешките таму. Така барем пишува. Вие овој рок не го испочитувавте. Значи, не им дадовте 6 месеци.

Исто така се вели дека мислење за овие чекори се бара од Советот за акредитација. Меѓутоа, вие тоа не го направивте. Велите дека немало Сенат и вашиот основен, главен аргумент е дека вие сте разрешиле физичко лице. Што има Владата да се занимава со физички лица? Јас колку што знам се занимава со институција. Тогаш, дали можете да ми кажете колку е легитимно вршењето на должноста на ректорот кој што беше избран, нелегитимниот сенат и непостоечкиот сенат, за кој што говорите вие, или пак можеби и вршителот на должност на ректор е непостоечки. Ако може да говорите за малверзации судските органи немаат покренато ниту една жалба. Тие се занимаваат со тие прашања. Тоа е значи, судско прашање. Успеав да го видам извештајот на инспекторатот, каде што на крајот од страницата 23 се даваат предлог мерки кои што треба да се превземат и таму се вели дека треба да се преземат чекори и активности, за да се исполнат досиеата, односно документите. Никаде не пишува дека треба да донесете одлука за разрешување на ректорот и за поставување вршител на должност. И сето тоа да е вистина, тоа вие што го велите, меѓутоа, што не го пишува во документот на инспекторатот, вие повторно немате право да го разрешите ректорот на Државниот универзитет во Тетово, ниту пак, било кој ректор во оваа земја. Ова право не ви се дава вам, затоа што во духот на законите, Универзитетот е нешто повеќе од една ваша, или моја политика. Затоа и законот предвидува да и сугерирате на универзитетската установа, а не да интервенирате во неа, затоа што универзитетите не се деца, па вие ќе одите и ќе ги разместите, или ќе ги заменувате. Се смета дека знаат малку повеќе отколку што говориме со денови во Парламентот.

Почитуван господине Рушити, иако оваа интерпелација е насочена кон вас, на функцијата што вие ја вршите, не може да не реагирам за овој чекор кон Владата во целост и кон господинот Груевски кој што вие го подржувате во овој чекор и тој ве подржува вас во овој чекор.

Зарем другите универзитетски институции и установи во оваа земја немале ниту една грешка во својата работа. Има многу податоци, значи сепак имаат за жал и тие треба да се исправат. Дали сте интервенирале некоја од тие установи. Не, господине Рушити. Не сте интервенирале, затоа што не ви се дозволува да интервенирате во нив. Вам ви се дозволува да се однесувате на овој начин само во една институција на албански јазик. Затоа што ова е и логиката на владеењето на вашата Влада, денегрирање на албанските установи или институции, нивно потценување. За да се покаже дека ние сме толку неспособни,што ниту едно училиште да не може да основаме. Ова се бара од вас. А не да се помогне и не братската помош која што би требало да се даде на Државниот универзитет во Тетово, меѓутоа и било која друга иницијатива. Значи ова ќе беше вистинска и праведна владина политика. Знач и арогантното однесување кое што вие го имате како Влада, сака да покаже колку сме ние од втор степен, од втора рака. Ние неспособни, некој што не знаеме да одиме на училиште и што дебатираме на овој начин за универзитети. Ние што не знаеме ниту една расправа за универзитетот да ја направиме. Како што треба. Оваа логика на владеење е логика која што нашата земја, заедничка држава само ја одалечува од европскиот пат. Нешто што и се гледа од последниот извештај на Европската комисија за Македонија дека Европа бара места или држави и луѓе кои што имаат смелост и сила да ги решат своите проблеми, бараат држави и луѓе кои што знаат да се соочат со себе си и знаат да покажат него пред другите. Ова го бара, ова Европа, а не на празните муабети што ги правите, за срам.

Сакам да заклучам и да завршам со мојот збор, значи поговорката на Волтер, познатиот илуминист кој што вели дека политиката извира повеќе во тоа што човекот е потчинет, отколку во големината на душата на човекот. Сигурно дека овој познат илуминист дошол до овој заклучок, затоа што бил многу често ангажиран, па дава мислења на монарсите, на арбитрарните диктатори, кои што со концептите на владеење се блиску до концептите на господинот Рушити и Груевски.

Бидејќи, сум убедена дека политиката засноване врз демократски и универзални вредности, ќе требаше да се изрази и големината на човачката душа. Ова е логиката која што треба да следи во својот ангажман на секој политичар. Убедена сум дека политиката е таква и треба да се ангажира и да се бори за вредности и знаење, а не за арбитрарност, своеволност и диктатура. Доколку

навистина сакаме да направиме нешто од себе си, доколку навистина сеуште ни останало нешто да се каже како еден од најстарите народи на Балканот, кој што во својата понова историја почнал многу да се усложнува, да се заплеткува себе си.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за образование и наука Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Наместо да се зборува за процедура, за закон, за почитување на Устав. Денеска наместо интерпелација на министерот Рушити, стана апологија на Сократ и слушнавме некои латински изрази на кои веднаш ќе треба да одговорам на пратеничката дека ги знам. Ако вие сметате дека треба да дознаете за интелектуалните вредности на министерот, ние можеме да се сретнеме и да разговараме на интелектуални теми.

Прашањето беше што бара Министерството и државата со физички лица. Одговорот е државата секогаш и понатаму ќе дејствува за воведување на правната држава и владение на правото. Се додека некој нелегално ќе биде член на Сенат или нелегално ќе биде избран за ректор, без разлика во кој универзитет или во која институција ќе биде, државата ќе реагира согласно законите.

Што се однесува до финансиските малверзации, мислам дека за моите констатации доволни се извештаите од ревизијата. Јас како министер немам надлежност да покренувам судски процедури. Јас само можам тие документи да ги доставам до надлежните органи и тие тогаш ќе покренат процедури. А, ве уверувам дека целата документација и внатрешната ревизија за Министерството, за Бирото за развој на образованието и Универзитетот, ќе бидат доставени и согласно Законот ќе побарам и тие да се почитуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на излагањето на Теута Арифи има Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Колку што знам, госпоѓо Теута, вие сте член на Сенатот во УИЕ, па би ве замолил утре кога ќе отидете на работа од вашата администрација да побарате, од Сенатот на УИЕ како им се исполнети условите како членови во овој Сенат. Ви гарантирам дека во државите на Европската унија две минути неможе да биде член на Сенатот кога еден човек не ги исполнува барањата и документите. Мислам на тоа кога еден човек има докторат, а нема магистратура, каде еден човек не ги исполнува основните услови на правилникот за да биде член на Сенатот. Затоа, мислам дека ти како интелектуалка треба да ги знаеш овие работи кој треба да биде член на Сенатот во Универзитетот. Би ве замолил земете го ова од УИЕ и видете колкав кадар имате кој предава, а не ги исполнува условите. Ти си во еден универзитет каде навистина се работи на правилен начин и се гледа правилно како се работи. Ние не сакаме ништо конкретно, освен само да се воведат правилниците и законите. Законите, кои тој Универзитет го основале како Универзитет.

Второ, не обвини дека затвораме училишта и или не основаме училишта. УИЕ го основа ДПА и поради ова треба да бидеш свесна дека во образованието сме му давале предност и големи можности, дури и средствата од Зеф Љуш Марку кое до ден денес не е изградено ова училиште, ги наследивте од нашата Влада. Ние сме тие кои во континуитет на Азис му ги дале тие средства за да го изгради тоа училиште. Јас не можам да го разберам вашето излагање. Едно излагање неаргументирано со факти. Затоа, доколку, ако треба да разговараме, треба да говориме со факти и аргументи. Да излеземе на оваа говорница и да го обвиниме министерот. Ние имаме факти и аргументи, дека тој Сенат кој е составен од 14 члена, 12 не ги исполнуваат условите и документите за да бидат членови. Додека во однос на континуитетот на министерот кажав, имало укажувања и порано од вашето министерство, но ништо не е конкретизирано од тие забелешки. А, забелешките стигнале до МВР за аномалиите, не се постапувало и ништо не е конкретно преземено. И треба да се согласите со ова. Целата јавност се согласува, а вие не се согласувате. Незнам што очекувате од сето ова.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Теута Арифи, 1 минута повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Мојата расправа беше во прв ред со цел да наметне ниво, како што е потребно меѓу албанската расправа или дебата за универзитетите. Затоа што ми е жал да бидам дел од еден народ, кој што утре би се засрамил себе си, и јас сум сенатор и професор и нормално е дека тоа е мојата професија, значи кај што сакаме, кај што ќе изберам јас. И тоа е дел од демократскиот свет и сите работи. Уште еднаш ќе кажам, кои што сте кажале во печатот, и да излезат вистини со закон, министерот за образование нема право да разрешува ректор. Ова е вистината. Ние можеме да најдеме многу други аргументи и да расправаме за други аспекти, меѓутоа од законски аспект ова право министерот го нема.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Анета Стефановска, реплика 3 минути.

**Анета Стефановска:** Благодарам.

Јас ќе реплицирам на мојата колешка.

Прво за првиот дел на нејзиното излагање. Значи, убаво кажа на она, за знаењето и како се стекнува и колку е тешко, меѓутоа не се совпаѓа со она што денес е на дневен ред. Тоа е интерпелацијата, бидејќи токму за тоа и се залага миистерот за образование, за квалитет на Тетовскиот универзитет и за акредитација во интерес на студентите.

Исто така, се залага за еден легален, легализирање на факултетот и со тоа

усогласување со стандардите во поглед на образованието  на ниво на Европската унија.

Во поглед на вториот дел на дискусијата, госпоѓата Теута Арифи бара аргументи. Па, незнам какви аргументи се потребни, освен кога се работи за нелегално избран ректор, за нелегално избран орган на управување тоа е Сенатот и за каква автономија понатаму станува збор и за каков упад, навистина не ми е јасно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Теута Арифи, една минута.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Почитувана колешке, никој не може да се залага за квалитативно образование, за висок квалитет во образованието, кршејќи ги законите и кршејќи го Уставот. И тоа е постулат на секоја правна држава. Затоа,сметам дека и најдобрите намери, посебно кога се однесува до универзитетите, се намери кои законот предвидува укажување. Затоа што се претпоставува дека универзитетите се центри каде што се знае, а не центри каде што не се знае.

Додека во однос на легален или нелегален ректор, јас мислам дека тој аргумент на министерот воопшто не стои, без разлика, и сите тие работи, да ги кажуваат во јавноста, и да бидат вистини, правно, законски, пак нема право да смени ректор на еден универзитет. Тоа е аргументот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика три минути Цветко Грозданов. Повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас на почетокот ќе отпочнам со она што е разрешувањето на ректорот.

По мое, не станува збор за разрешување на ректорот, туку станува збор за разрешување на личност која што едноставно работи, значи во Државниот тетовски универзитет. Таканаречениот лектор или ќе кажам лицето кој што управува со Тетовскиот универзитет пред се нема нострифицирано диплома, кој што можеби и ден денеска ја нема нострифицирано дипломата, а знаеме дека и лица кои што за обични вработувања, би се пријавиле со диплома која што ја стекнале надвор од државата, потребно е да ја нострифицираат дипломата за да можат понатака да бидат вработени во редовен работен однос.

Ќе се задржам и на она што беше интелектуалноста која што беше повеќе пати спомнувана од пратеничката Теута Арифи.

Треба да се има доблест и треба да се има морал. Како интелектуалци за нештата кои што се случувале во периодот 27.07.2004 година, уште во времето на Владата на господинот Бранко Црвенковски, затоа што овој Тетовски универзитет отпочна со назначување, значи наименувањето на лицата кои што ќе работат внатре. Дали се тоа лица или ректори, тоа ќе кажеме понатаму.

Овој временски период, овие инелектуалци од страната на ДУИ, треба да превземат соодветни чекори на несогласување,околу назначувањето на вакви лица. Лица кои што не ги исполнуваат обичните критериуми за вработување, а да не зборуваме за лица кои што би биле во Сенатот.

Оттука овој Сенат, самонаречен Сенат ќе наречам, или лица кои што управувале со Тетовскиот универзитет, сметам дека требаше што поскоро да бидат опоменати и отстранети од функцијата која што ја вршеле. Затоа што, сега ќе се навратам на она што е вториот дел од излагањето на госпоѓа Теута Арифи, а тоа е се обраќаме со сожалување кон студентите. Дали овие лица кои што даваа интелектуална наобразба на студентите, кои што и самите немаа интелектуална наобразба, ќе можат да обучат, да створат одредени личности или интелектуалци кои што понатака во општеството би биле корисни, и понатака нивниот интелектуален капацитет би го пренесувале понатака и понатака. Дали овие личности кои што произлегуваат од Медицинскиот факултет ќе бидат добри студенти, доколку и самите професори не се тоа што треба да бидат. Дали оние лица кои што го завршуваат, да речеме Правниот факултет, или Факултетот за учители или професори ќе можат да бидат добри педагози кога педагозите кои што ги обучувале, не се педагози. Мислам дека тука морало и доблеста на инелектуалците од ДУИ, мислам дека е на многу ниско ниво, затоа што не превзедоа никакви мерки и не се спротивставија во периодот кој што кажав од 27.09.2004 година, да се разреши овој случај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика една минута Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Според мои информации, министри кои седат во Владата на господин Груевски, се носители на дипломи од Тетовски универзитет. Сега незнам дали се за вас таканаречени или ваканаречени. Но за жал терминологијата со таканаречено што сакате да ја импонирате, кој е наш проблем веќе 15 години, покажува дека не со добра намера влегувате во ова дебата. Туку во ова дебата влегувате потценувачки и не со намера, тука нешто да помогнете. Апсолутно, без разлика, мислам дека тој универзитет функционира врз основа на еден закон, со сите прболеми на секој универзитет кој бил нов и прво регистриран, но тоа сепак не значи дека треба да се третира дека помалку важен, и евентуално да се нарушат принципи на автономијата во него.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овде завршуваме уште еден циклус на реплики, контра реплики. Не сум сигурен дека со оглед на времето е добро да ја продолжиме дебатата за што некој од говорницата, може да има и подолго излагање од 7-8 минути и да го прекинуваме во сред збор не е добро.

Што велите господине Јашари, вие сте тој.

Значи да прекинеме вечерва. Благодарам.

Во тој случај, вечерва ја прекинуваме оваа седница и ја продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

Молам, пријавените говорници да останат во истиот редослед. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,23 часот)